**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 април 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,33 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 36-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Слободан Најдовски, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Љубиша Георгиевски, Владанка Авировиќ, Стојан Андов, Валеднитна Божиновска, Владо Бучковски, Ванчо Коцев, Лазар Китановски, Мирјана Секуловска, Благој Зашов и Јагнула Куновска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата .

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(По објавувањето на резултатите)

Ги молам службите да ни достават точен број на пристуни пратеници во салата.

(Службите го доставуваат точниот број на присутни пратеници во салата).

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата).

На седницата присуствуваат 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Застанавме кај **Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 1 за бришење на став 1 и на став 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова - Каревска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 64 пратеници. За гласале 15, воздржани нема, против гласале 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 1 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Јагнула Куновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван заменик министре, почитувани колеги,

Прашањето за веронауката во основното училиште е прашање со многу емоции и личен печат. Секогаш е деликатно да се дискутира и јас се извинувам на сите на кои, можеби, ќе им ги повредам чувствата, но немам намера тоа да го сторам. Исто времено, морам да го искажам својот став.

Поднесовме заеднички амандман со колешката Јагнула Куновска, а се однесува на промена на членот 1, став 1, а тоа е во следново: “Во основните училишта се организира настава по историја и филозофија на религиите како задолжителен предмет”.

Образложениeто е следно:

Правото на верско образование во едно демократско општество треба да остане право на слободен избор. Влезот на верското образование директно во училиштата би можело да значи несогласеност со Уставот, што не дефинира како секуларна држава. Од друга страна пак, тоа би можело да внесе раздор и дополнители делби помеѓу децата од различна вероисповест.

Изучувањето пак на историјата и филозофијата на религиите ќе придонесе за духовна надградба и здобивање со поширока култура на нашите граѓани, како и за меѓусебно поблиско запознавање и почитување на претставниците на различни религии, што во крајна линија ќе води кон поголема кохезија на македонското општество.

Дозволете ми само едно лично објаснување. Лично, јас верувам во Бога и верувам дека Бог е во нашата духовност и нашата совест. Истовремено, поборник сум за признавање на автокефалноста на МПЦ како дел од нашата историска традиција и поради нејзината историска улога за македонската држава. Поборник сум, исто така за почитување на традициите како дел од нашиот културен идентитет. Поборник сум, од друга страна за запознавање со религиите заради поголемо почитување на другите и различните. Поборник

сум, за запознавање на религиите поради тоа што во верските книги има многу мудрости и филозофија што ние треба да ја знаеме.

Истовремено, покрај сето ова, поборник сум и за секуларниот карактер на нашата држава. Затоа сметам дека на предметот веронаука не му е место во училиштето.

Може да има одредени позитивни влијанија во поглед на позитивните пораки и норми што ги содржат светите книги, меѓутоа, тоа може да одговара на верско хомогени општества, етнички хомогени општества. Но, во нашето општество што е прилично хетерогено, сметам дека би имало повеќе забуни и контраефекти, особено на млада возраст како што се децата.

Поради сето ова сметам дека не треба да има задолжителна веронаука во училиштата, поради тоа што е спротивно на Уставот и ќе го зголеми јазот меѓу луѓето, а од друга страна сум за изучување на религиите и учење на најдобрите пораки и мисли што ги издржале вековите за поголемо почитување и толеранција меѓу нас различните. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Поповска.

За збор се јави господинот Љубисав Иванов - Ѕинго, за реплика, повелете.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Слушам непрекинато веронаука. Вера и наука се сосема различни поими по сите прашања. И од постанокот на човекот и земјата и небото. Науката, точно дефинира како постанал човекот. Верата има спротивно мислење. Постанокот на земјата, исто така разликите се големи. Постанокот на небото, експлозијата итн, се сосема различни поими.

Можеме да зборуваме за вероучење и веропредание. Да не го мешаме со наука. Го молам предлагачот и колегите кои го употребуваат овој израз повеќе ова да не го врзуваат со наука. Науката има сосема спротивни научни достигнувања.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ѕинго.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Не е класична контра реплика само му благодарам на почитуваниот Љубисав Иванов за сугестијата. Ја прифаќам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Да бидам искрена бев испровоцирана од овие два дискутанти, за тоа што сега станува јасно чив проект е овој Предлог-закон и воведување на веронауката во основното образование, заради тоа што веронаука е термин што стои во официјалниот Предлог од страна на Владата.

Меѓутоа, сега се стекнува впечаток дека двајца од колиционите партнери на ВМРО-ДПМНЕ се очигледно против ваквиот проект, дека очигледно станува ова проект на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА кои упорно сакаат да го имплементираат и покрај сите укажувања дека е противуставно. Затоа што тоа и Уставниот суд еднаш го покажал. По секоја цена сака да направи дискриминација на православната и исламската религија визави останатите религии што се официјално признати во Уставот и да форсира практично две религии.

Јас воопшто не сакам тука да потенцирам дали сум верник или не и покрај тоа што мнението во јавноста во однос на ова прашање вештачки не подели во такви групи. Можете да бидете верник, меѓутоа да бидете против воведување веронаука во основното образование заради тоа што јас лично сметам дека со тоа нема да ја оствариме целта, затоа што сметам дека треба да се најдат други решенија што се во согласност со Уставот и позитивните законски норми за да се направи тоа.

Меѓутоа, кога веќе ја отворате Пандорината кутија, тогаш треба да бидете свесни дека ќе отворите голема дебата не само помеѓу пратениците и ќе имате еден вид на лицитација дали да биде изборен или да биде задолжителен? Дали да биде веронаука или да биде историја на религии? Дали да биде филозофија на религии или да биде историја и филозофија на религиите? Дали да биде само етика и дали е само етиката онаа што ќе биде доволно за да ја оствари целта што се сака да се промовира? Од тоа не можете да побегнете.

Меѓутоа, исто така не можете да побегнете од фактот дека немате аргументи со кои што ќе одбраните дека овој предлог е во согласност со Уставот и дека нема аргументи со кои ќе докажете дека за ова имате подршка од целата владина коалиција, туку само проект на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

За збор се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Сосема на кратко, бидејќи немав право на репика, да го повикам Љубисав Иванов Ѕинго да го прочита стенограмот од неговиот министер Јован Лазарев што го имаше и ќе види точно што значи веронаука и како тој ја објаснува. Доколку немале таква дебата во партијата, можат на паузата да се разберат што значи тоа веронаука и зошто баш господинот Јован Лазарев е тој што го предлага тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Реплика на вашето излагање има Љубисав Иванов Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Скоро прочитав, велат тоа што на Владата и било мило длабоко во сонот си го снила. Ама јас не знам, веројатно и вие зошто тоа на бабата и било мило.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 60 пратеници, за гласале 15, воздржан беше еден пратеник, против гласале 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука, повелете.

**Јован Лазарев:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Амандманот не е прифатен од Владата.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** И покрај тоа што сум убедена дека заради многуте амандмани што беа поднесени од страна на Владата во последен момент, додека траеше расправата и со тоа ни беше ускратена можноста да реагираме на новите предлози, се надевам дека заменик министерот знае за кој член се однесува мојот амандман, затоа што со поднесувањето на дополнителните амандмани Владата практично направи конфузија на законот што го предложи во регуларна процедура.

Мојот амандман предвидува членот 2, со кој се вели “ Со наставниот план и програма се утврдуваат изборните предмети од областа на верското образование, целите, задачите и содржините, како и профилот на кадарот што ќе ја реализира програмата. Учениците согласно наставниот план и програма ќе можат да избираат помеѓу предметите веронаука и запознавање на религиите”.

Само да кажам дека овој амандман беше дополнително предложен после реакциите на пратеници од опозицијата. Мислам дека тука госпоѓата Роза Топузова - Каревска има голем удел. Меѓутоа, мислам дека она што се сака да се постигне со овој амандман е пресериозно за да се остави само на наставниот план и програма што ќе го уредуваат советниците во Бирото за развој на образованието.

Кога дискутиравме во Комисијата за образование, наука и спорт со господинот Герамичиоски, сметавме дека во најмала рака, ако веќе Владата се одлучила на ваков чекор, дека треба наставниот план и програма да ги стави на јавна расправа, за да можат во неа да имаат увид и влијание родителите, заради тоа што нивните деца ќе бидат најзасегнати. Меѓутоа, исто така, по исклучок, Собранието да се изјаснува или да дава свое мислење, заради тоа што грешките што можат да настанат со регулирање на овие прашања во наставниот план и програма можат да бидат катастрофални.

Слушнавме различни варијанти на тоа како ќе изгледа реализација на наставната програма по веронаука. Прво слушнавме дека ќе се изучува догмата, потоа слушнавме дека тоа ќе го прават теолози, па после слушнавме дека нема да бидат, покрај убедувањата дека нема да бидат свештени лица, дека во еден дел ќе има свештени лица, а потоа дека во изучувањето на запознавање на религиите ќе има друг кадар итн, меѓутоа никој не кажа кој ќе учествува во изработката на наставниот план и програма.

На една од дебатните емисии на телевизиите слушнавме како еден од свештениците кажа дека учествувал во изготвувањето на наставниот план и програма што сметам дека Министерството за образование би требало да ни даде објаснување врз основа на што веќе е направена екипа што содржи свештени лица, а која учествува во изработката на наставниот план и progрaрма. Меѓутоа, изговорот за сето ова, да биде најголемата трагедија, го има во образложението на Законот, во кое се вели: “Верското образование како изборен предмет во наставниот план во основните училишта не претставува верско дејствување затоа што претставува дел од наставниот план произлезен од потребите на населението”.

Значи, вие се обидувате да ме убедите дека ова е во согласност со Уставот само заради тоа што сметате дека верското образование како изборен предмет не претставува верско дејствување само затоа што претставува дел од наставниот план произлезен од потребите на населението. Дали сте размислиле што би можело да се случи кога ние, или дел од Владата, или некоја друга влада ќе предложи некој друг предмет кој што исто така ќе биде во спротивност со Уставот, меѓутоа ќе смета дека не е во спротивност со Уставот само заради тоа што претставува дел од наставниот план произлезен од потребите на населението. Јас се прашувам, дали парламентарното мнозинство и во таков случај ќе даде безрезервна подршка како сега, или пак сериозно ќе се замисли што значи ова образложение. Дали оној што го пишувал ова образложение ќе сноси одговорност до колку содржините кои што се предлагаат во наставниот план и програма не ги рефлектираат потребите на населението. Како ќе провери Министерството за образование дека предложените наставни планови и програми во врска со верското образование ја рефлектираат реалната потреба на населението, кој ќе биде реперот, кој ќе го контролира? Значи, се наоѓаме во една апсурдна ситуација во која што дополнително како аргумент во образложението во прилог на аргументите кои што одат на прифаќање на ваков, или на измена на ваков член се вели: една од придобивките на демократското општество е правото на избор. Со овие измени и дополнувања на Законот тоа право им се дава на граѓаните. Дозволете, меѓутоа јас не можам да забележам дека е тоа така. Како веднаш после ваквото толкување за тоа дека верското образование не претставува

верско дејствување затоа што претставува дел од наставниот план произлезен од потребите на населението, како предлагачот почувствувал потреба да објасни дека една од придобивките на демократското општество е правото на избор. Ако е тоа така, зошто се раководите само од овој принцип само тогаш кога вам ви одговара? Зошто сметате дека со овие измени и дополнувања вклучително и со овој член тоа право им се дава на граѓаните, кога граѓаните практички нема да имаат никаков удел во креирање на наставните планови и програми. Јас прашувам, со оглед на тоа што ова се планира да се воведе од наредната учебна година. Дали тоа значи дека сите родители на време ќе бидат информирани со наставните планови и програми кои што ќе бидат воведени во основното образование, во петто одделение. И длаи родителите ќе имаат право на избор како една од придобивките на демократското општество и да кажат што од наставните програми им е прифатливо, а што не? Дали демократското право на избор на родителите ќе биде сведено на тоа само дали ќе учат нивните деца веронаука, еден од предметите од веронауката, или запознавање на религиите? Ако навистина сметате дека со овие измени и дополнувања ваквото право на избор им се дава на граѓаните, тогаш јас ве прашувам јавно да одговорите што е тоа што граѓаните ќе имаат право да избираат? Заради тоа што во претходниот пасос вие зборувате за наставните планови и програми. Ние во текот на дебатата разговаравме за тоа дека сите анкети укажуваат дека воведувањето на веронауката е политички наметнато, дека дури ни верските заедници не излегоа со иницијативата за воведување на веронаука. Со таква идеа излезе премиерот. Меѓутоа, имајќи во предвид дека премиерот ја игра улогата на секој министер, само кога станува збор за иницијативи, меѓутоа не и кога станува збор за грешки. Ние можеме да ги видиме премиерот како промовира идеа заедно со министрите позади себе, меѓутоа не и како некој кој што застанува зад министрите кога ќе направат грешки, што покажа последниот случај со министерот за култура. Премиерот не излезе на прес конференција заедно со министерот за култура да каже, дека чувствува морална обврска заради ваквиот чекор што министерот го направил. Меѓутоа, сака да ги зема добрите потези на министрите. Значи, имаме наметната идеа од страна на политичарите, не од страна на верските заедници. И укажавме на тоа дека дури и во Законот за верските заедници и религиозни групи верското образование кое што можат верските заедници да го организираат и тоа со Устав им е загарантирано, имаат таква можност, секој родител што до сега сакал неговото дете да се стекне со верско образование, тоа можел да го направи во едно од школите, или предавањата кои што ги организираат верските заедници, или религиозни групи и тоа право никој не им го спорел, дека во Законот за верски заедници и религиозни групи стои дека ваков верско образование кое што го организираат верските заедници не може да го посетува оној кој што нема завршено основно образование. Меѓутоа, очигледно ВМРО-ДПМНЕ и ДПА сметаат поинаку. Значи, верските заедници го прифатиле тој модел и сметаат дека верско образование треба да изучува оној што веќе има завршено основно образование, претпоставувам дека имаат сериозна аргументација зошто е тоа така. Затоа што до сега Законот така функционирал и немало никакви забелешки од тој аспект. Меѓутоа, ние можеме да имаме наставен план и програм во кој што како што се вели во образложението на законот, ќе ја одразува потребата на граѓаните бидејќи е детектирана потребата од подеднакво продолжување на верското наследство и обичаи и зачувувањето на верските заедници, како и заради зајакнување на меѓусебната толеранција и почитување на човековите права и слободи. Меѓутоа, ако тврдиме од друга страна дека ќе се изучуваат само две религии и дека секое дете ќе учи за својата религија, јас се прашувам тогаш за какво меѓусебно запознавање станува збор? Ние на ваков начин уште повеќе ќе ја продлабочуваме разликата по верска основа меѓу учениците. Нема да ја зближуваме, ако секое дете учи за својата религија, ние нема да го постигнеме тоа.

Второ, и во случај на идеална наставен план и програма, јас се прашувам, како ќе ја вршите контролата на кадрите кои што ќе ги држат предавањата по веронаука? Кој ќе ви гарантира дека нема да се случи злоупотреба на овие часови и дека наместо изучување за почитување за меѓусебна толеранција и почитување на човекови права и слободи, некој од предавачите не го злоупотребува тоа и промовира фундаменталистички теории. Јас ве прашувам, како ќе го контролирате тој процес? И да испратите инспектор, додека инспекторот е на час, часот може да помине регуларно согласно наставниот план и програма. Меѓутоа, инспектор не може да имате секој час за да контролира што се прави и што надвор од наставниот план и програма им се поткажува на децата, особено уште повеќе заради тоа што реков дека Министерството за образование потврди и укажува дека секое дете ќе учи за својата религија. Затоа мислам дека ова е крајно лошо решение, кое за жал со оглед на тоа што не го усвоивте и привот амандман за бришење на тој член очигледно е дека парламентарното мнозинство или не сака да размислува за последиците што можат да настанат и со неприфаќањето на овој амандман, или пак е свесно за последиците, меѓутоа мора да ја почитува желбата на премиерот. Ќе го поддржи, меѓутоа мислам дека ќе постигнете само контра ефект.

**Бесим Догани:** За реплика се јави заменик минситерот за образование и наука.

**Јован Лазарев:** Потпретседателе, само неколку напомени. Со амандманот 20 кој што го поднесе Владата на Република Македонија се кажува дека во основните училишта се забранува

политичко и верско организирање и дејствување. Значи, нема да има верско дејствување во училиштата, туку ќе има изучување на предмети, дисциплини од кои што едниот предмет сега Владата го дефинира, се вика веронаука, а другито ќе биде запознавање со религиите. Значи, родителот на детето ќе биде тој што ќе врши избор кој предмет неговото дете ќе го слуша и ќе го изучува. И тогаш ќе видиме каков е реперот, што го кажа почитуваната пратеничка. Преметот веронаука ќе го предаваат дипломирани теолози, додека предметот запознавање со религиите ќе го предаваат социјолози и филозофи. Значи, ќе има конкуренција, двата предмета ќе имаат конкуренција помеѓу себе, затоа што ќе бидат изборни предмети и нема да се изучуваат само две религии, ќе се изучуваат сите поголеми постојни религии во светот, а најмногу, се разбира на оние што живеат на овој простор. Конечно, добро е децата христијани нешто да слушнат за муслиманството, децата муслимани да слушнат за христијанството, да слушнат и за будизмот и за сите други религии.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута има пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван заменик министер, јас мислам дека вие сте конградикторен и дека со тоа создавате забуна. И јас тврдам дека е добро децата да имаат познавање од сите религии. Меѓутоа, со тоа што вие кажувате дека со веронауката секое дете ќе ја изучува својата религија, не оди во прилог на тоа што го кажувате. Значи, зборуваме за две различни работи. Во првиот член кој што беше доставен во законот, Владата не забрани верски обележја, ниту пак верско организирање. Вие сте свесни за тоа и за волја на вистината требаше да го кажете. Ставот гласеше: во основното училиште се забранува политичко организирање и дејствување и истакнување на партиски обележја. И заради тоа што недостигаше верско организирање и дејствување и верски обележја, вие такво образложение сте дале во законот. Дури после наше инсистирање и со нашите говори на говорницата Владата очигледно свати каков пропуст прави.

**Бесим Догани:** Репика од три минути има пратеникот Фљора Кадриу.

**Фљора Кадриу:** Ви благодарам.

Револтот, или пак кажано подобро, протестот, или спорењето со неосновани аргументи од страна на пратениците од опозицијата, посебно оние од СДСМ е сватлив, затоа што шансата за реформите во разните области во општеството, било да се тие во образованието, или пак во образовниот систем вие од СДСМ ја изгубивте таа шанса, вие донесовте една национална, глобална програма со еден волуминозен текст, но кој што често го спомнувате, меѓутоа текст кој што не е практичен и спроведлив. Сегашната Влада предлага конкретни концепти и концизни концепти за секоја реформа која што ја презема со цел усогласување на законодавството на Република Македонија со она на Европската унија. Реформите во образовниот систем на Република Македонија на секое ниво, или пак степен се потребни и задолжителни. Од причини што се работи за подобрување на образовниот систем. Овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование предвидува воведување на веронаука, или верска настава во рамките на образованиот систем како изборен предмет. Значи, се остава простор за избор врз основа на волјата, или пак индивидуалната желба на родителите, или пак на учениците. Исто така, се предвидува циклусот на основно образование кое што  ќе трае 9 години кое што е докажано искуство и успешно искуство кое што има дадено завидни резултати. Како такво решение сеуште функционира во многу држави. Затоа мислам дека нема место за скептицизам и мислам дека оваа иницијатива преземена од страна на Министерството за образование и наука за изменување во основното образование ќе ги спречи токму девијантните појави во општеството и ќе се унапреди почитувањето и респектирањето на моралните, традиционалните и правните норми и ќе ја комплетира личноста, или индивидуалноста на учениците на правилен начин.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута има Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Прво, воведувањето на веронаука не е реформа во образованието. Второ, воведувањето на веронауката не е прилагодување со законодавството на Европската унија. Во Министерството за образование и наука знаат точно што треба да направат како реформа во образованието за да не приближат до Европската унија. Меѓутоа, во тек на една минута немам време  за тоа да зборувам. Трето, ја кажувате веронауката, воведувањето на веронауката во петто одделение како волшебно стапче кое што ќе ги реши сите проблеми, што не е точно. Сведувањето на проблемот со девијантните појави кај учениците само на воведување на веронаука е благо речено не сериозно. Проблемот е прекомплексен, претежок е проблемот, за да се сведе само на воведување на веронаука. Се надевам дека за тоа се свесни и во Министерството за образование и во Владата. До колку не, тогаш имаме сериозен проблем.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски:

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Јас се јавив за збор бидејки Владата достави амандман 22 со кој што го менува членот 2. Значи после сите оние дебати беа доставени нови амандмани. Јас би ве замолил да го гледате амандманот 21, со кој што членот 2 во Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование се менува и гласи: учениците согласно наставниот план и

програма ќе можат да избираат помеѓу предметите веронаука и запознавање со религиите. И сега стои точка и две запирки. Јас мислам од технички причини, направен е технички пропуст, бидејќи во образложението стои целата реченица која што треба да стои во амандманот: учениците согласно наставниот план и програма ќе можат да избираат помеѓу изборните предмети веронаука, запознавање со религиите, етика и граѓанска култура. И во образложението уште стои пасус кој што треба да се префрли во амандманот: во петто одделение учениците ќе можат да избираат помеѓу предметите веронаука и запознавање со религиите, а во шестто одделение помеѓу изборните предмети етика и граќанска култура. Мене не ми е јасно, го поставив ова прашање, не ми дадовте одговор, дали е направен технички пропуст, бидејки во образложението добро стои , а во самиот амандман не стои. Овој амандман кој што колешката Грковска го поднесе за бришење на членот 2, треба да го усвоите бидејќи внесува дополнителна конфузија со амандманот 21 со кој што сте сакале да го прецизирате членот 24, а со додавање на член 24-б, ама не се успеало во тоа. Сега ќе добијам ли јас одговор на тоа, или нема да добијам одговор? Вака треба да стои, или е направен технички пропуст? Ако е направен технички пропуст, можете тоа да го исправите. А ако треба вака да стои, тогаш навистина голема конфузија е.

Овде се спомнати само веронаука и запознавање со религиите, а ваму и етика и граѓанска култура дополнително. Ви се молам, ако веќе нешто се прочистува нека се направи тоа внимателно. Ако не, да го усвиме амандманот од пратеничката Славица Грковска, со кој се брише членот 2 и тогаш ќе биде уредувано со наставен план и програм, кој ќе биде дефиниран како подзаконски акт. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе гласаме.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласањето.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи во салата имаме доволен број пратеници, вкупно се 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето беа присутни 61 пратеник. Бидејќи сега влегоа плус тројца пратеници, гласањето е валидно.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 11, нема воздржани, 48 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

**Јован Лазаров:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Јагнула Куновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за образование и наука.

**Јован Лазаров:** Амандманот не се прифаќа.

Во амандманот 21 од Владата има прецизирано кои предмети ќе бидат изборни. Значи, овој амандман не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Владата има таков амандман доставен.

**Јован Лазаров:** Да сличен.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Амандманот го повлекувам, поради тоа што Владата веќе интервенираше и дел од амандманот веќе се содржи во постоечкиот амандман на Владата.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2, став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска., под архивски број 07-311325/6.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазаров:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за образование и наука. Јас има освен овој уште два амандмани, со кои што давам можност, една поинаква можност околу изборот на предметите. И тоа, во овој амандман конкретно имам избор помеѓу историја на социологијата, филозофијата на религијата и имам помеѓу изборниот предмет етика. Потоа, следуваат уште два амандмани по кои што јас сега ако ми дозволите почитуван потпретседателе, јас би ја споила дискусијата по сите амандмани, за да не одземам време поединечно.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, вашите три по ред се амандманите 7,8 и 9. Вие би сакале да дискутирате за сите три амандмани.

**Роза Топузова Каревска:** Да, би дискутирала, а би одела процедурата по еден и можеби ќе го разубедам заменикот министер да прифати еден од амандманите. Да не се јавувам секогаш опширно за збор.

**Иван Анастасовски:** Би било добро од ваша страна. Еве јас ќе дозволам да дискутирате по однос на сите три амандмани.

**Роза Топузова Каревска:** Значи, вториот амандман се однесува на тоа, се дава можност да се избира меѓу историја на религијата и етика и третиот амандман основи на религијата и етиката. За мене, апсолутно ќе биде прифатливо било кој од овие амандмани, доколку се согласи и ги прифати почитуваниот заменик министер. Токму поради тоа што јас сметам дека со изучување на било кој од овие предмети, дали се работи за основа на религијата, или се работи за социологија, филозофија и историја на религијата, што можеби е посоодветно за учениците во повисоките класови на образованието, или пак дали се работи за воведување на предметот историја на религијата и етиката, се постигнува една единствена цел да може да се изучуваат историја на религијата, со што учениците ќе можат да се запознаат со улогата која што таа ја имала, значи се мисли на религијата во развојот на сите историски процеси, на нејзината улога за изучување на културниот и националниот дентитет. Тоа се работи, знаеме во кој период, поготово во Македонија и со изучувањето на различните религии, почитувани колеги ќе можеме да придонесме за разбирање на различностите, а со тоа ќе се овозможи токму она што го говореа и одредени почитувани колеги од парламентарното мнозинство за взаемна почит и толеранција. Ние говориме почитувани колеги, за взаемна почит и толеранција.

Вака предложениот амандман, иако морам да признам дека со амандманот што го предложи Владата, на инсистирање на опозицијата, вклучувајќи ги и моите заложби кои што беа можеби според некои и малку позразени, Владата даде можност, барем да се избира помеѓу верското образование историја на религијата. Значи, направи чекор напред и им овозможи на учениците да избираат меѓу верското образование и историја на религијата. Но зошто јас сметам дека е подобро да се избере помеѓу основите на религијата, историјата на религијата и етиката.

Почитувани колеги пратеници сметам дека ќе направиме голема неправда ако дозволиме да учениците избираат помеѓу веронаука и историја на религијата, затоа што со воведување на веронаука во училиштата сите ние знаеме дека ќе се наруши односот меѓу државата и одредени верски заедници, што не оди во насока на градење на добри односи, како меѓу самите верски заедници, така и меѓу останатите религиозни групи и со тоа би се наметнал уште еден вид на нееднаквост и поделеност, што мора да признаеме дека не е својствено за граѓанското општество. Овој пат, навистина, најмалку ни се потребни поделби во Република Македонија, како помеѓу припадниците на различните конфесии, а знаеме дека на оваа територија во нашата земја егзистираат припадници на различни конфесии, така и помеѓу уште една поделба помеѓу верници и неверници. А дека е така, и самата дебата го покажа тоа затоа што многу од нас се натпреваруваа да се докажат кој е поголем или помал верник и оние другите кои можеби не припаѓаат на оваа група на која што тие припаѓаат, дали се верници или неверници да ги етикетираат со недостојни зборови.

Токму поради тоа, почитувани колеги, сметам дека навистина ќе направиме грешка ако сепак остане и како изборен предмет веронауката. Дотолку повеќе што ако го погледнеме и образложението на текстот што ни е доставен при првичниот текст кој го достави министерот и прочитаме внимателно ќе видите дека оди во насока на она што јас го говорам. Вели: “живејќи во време кое е оквалификувано како духовно сиромашно, ова веќе јас го образложив во претходната дебата, што знаи духовно сиромашно и околу сфаќањата на религијата и ако директно ја воведеме веронауката, што би значело тоа. Всушност, се коси со ова што овде е кажано и се наметнува потребата од воведување на верско образование во основни училишта кои имаат за цел преку промовирање на универзалните вредности на кои се темелат сите религии”.

Почитувани колеги, сега говорам за да ве разубедам вас зошто е поисправно она што јас го нудам. Ако вели и во самото образложение на ке се темелат сите религии, да се изгради граѓанскиот дух на учениците. Како почитувани колеги пратеници ќе се запознаат учениците со сите религии ако секој си учи исклучиво за својата вера. Тогаш нема можност оној што припаѓа на православната вероисповест да се запознае со религијата на оние што припаѓаат на исламот или католичката вероисповет. Значи, тука наместо да се интегрираме, што е и целта и што е во духот на граѓанското општество, воведувајќи го овој предмет почитувани колеги, ние се дезинтегрираме. Тоа е многу опасно за Република Македонија. Апсолутно, мислам дека некои работи веќе ги надминавме и сега треба да градиме заедничка држава чија што една единствена и основна цел е да бидеме дел од големото европско семејство и тоа час поскоро да се вклопиме во евроатлантските интеграции. Се што не враќа од тој пат, верувајте не е добро за Република Македонија и за генерациите кои доаѓаат по нас.

Токму заради тоа говорам и предлагам амандман, со кој што инсистирам, значи се залагам, да се воведе историја на религијата или препознавање со сите религии. Впрочем,

видовме дека и некои праеници од парламентарното мнозинство ја имаат истата идеја. Јас им дадов поддршка со гласање на нивниот амандман, но затоа што имам амандман кој што така речи е идентичен, не сакав да се повторувам во дискусиите и јас навистина, е бев задоволна, доколку се прифатеше амандманот на пратениците Лилјана Поповска и Јагнула Куновска кои што го предлагаат скоро истото за кое што и јас се залагам. Значи, учениците да можат да се запознаат со сите религии. И продолжувам понатаму, читам од образложението вели: “религијата е основоположник на етичките вредности и норми, промовирајќи толеранција, граѓанска одговорност, солидарност, правичност, почитување на човековите права и акција за социјална правда”. Тоа го говорам со предметот социологија на религиите. Токму тоа почитувани колеги, социјална правда.

“Религијата претставува патоказ преку кој младите луѓе ќе стекнат мудрост да ги совладаат премрежјата и тн.”, да не читам, она е што јас го кажувам дека познавајќи ги другите религии ќе можеме, а се разбира, секако и сопствената, да ги извлечеме и етичките норми. Токму поради тоа што има одредени родители кои што можеби сметаат дека децата не треба да слушаат историја на религијата, или основи на религијата, се дава можност да го изберат предметот етика.

Навистина, овде би сакала да го изразам моето жалење, затоа што и покрај тоа што повеќето обиди на почитуваниот професор Темков не се успеа да се воведе етиката во основните училишта, затоа што, почитувани колеги, ако ги земеме она што како етика го содржат најголем број религии ќе видиме дека не многу се разликува од етичките норми кои што треба да се изучуваат по предметот етика. Токму поради тоа, ни се случува она што денеска го говориме. Јас не сум убедена дека само со воведување на веронаука веднаш ќе може да се поправат сите девијантни појави кои што ги има во општеството. Точно е дека имаме поместување на моралните норми во општеството. За жал, тоа е најмногу забележливо кај младите генрации. Но верувајте, не знам зошто овде сите колеги од парламентарното мнозинство настојуваат да ме убедат дека една единствена функција на религијата е етичката. Да, религијата има етичка функција, но таа е само една од функциите. И сега, за да не држам предавање, да го претворам во дебата, да ги набројувам и другите функции кои што ги има религијата. Но во секој случај, со воведувањето на познавање и запознавање со другите религии и почитуваниот заменик министер кажа дека добро е учениците да можат да се запознаат и со другите религии. И тој отиде и подалеку, не само со религиите кои што егзистираат на овие простори, како што е православието, католичката религија, исламот, значи општо христијанството, туку и пошироко, ги спомна будизмот, зенбудизмот и уште други религии кои што се вбројуваат меѓу големит светски религии. Да, добро е, но прво да ги запознаеме овие. Како почитуван заменик министер ќе ги запознаат учениците, ако секој си ја изучува само својата вера и тоа го учи токму она што најмалку би требало да се учи, догмата. Апсолутно, треба да се прилагодуваме на духот на времето во кое што живееме.

Доколку се прифатат амандманите нема да дојде во прашање и уставноста на законот. И тогаш, навистина, ќе се почувствува нашата искрена намера учениците да изучуваат нешто кое што ќе влијае во голема мера за подигање на моралните вредности во општеството, дали е основа на религиите, различните религии или етиката, а не само формално да го донесеме законот.

На крајот, јас неколку пати и министерот го прашав, еве сега и заменикот. Почитувани колеги, за каква меѓусебна толеранција, за каков граѓански дух говориме, ако наставата по веронаука во еден клас, кој што ние знаеме дека имаме различни класови, ученици кои што припаѓаат на различни конфесии и до претходниот час учениците седат сите заедно, а потоа се делат и можеби 20-тина ученици одат да слушаат православна веронаука, 10-тина ученици одат да слушаат исламска, двајца католичка и еден, кој што навистина, нема можност припаѓа да речеме на дел од христијанската религија, но не е ниту католик ниту православен, е нешто сосема друго, ги знаеме сите можности кои се тука, методистички, протестантски, адвентистички и тн. и каде тој ученик ќе се најде во тоа време.

Токму поради тоа сметам дека решенијата кои што ги нудам со овие амандмани се многу подобри и доколку се прифати еден од амандманите, навистина и овде ќе покажеме дека се почитуваме меѓу себе, дека сме за толеранција, сме за дијалог и прифаќаме нешто што е сугерирано со најдобра намера, за да не се соочиме со проблемите кои ги кажав, меѓу другото, и да падне на Уставен суд законот и никогаш да не заживее или да се одлага за повеќе години.

Очекувам дека ова образложение беше доволно барем дел од пратениците, почитуваните колеги од парламентарното мнозинство да ги разубедам, затоа што сега не се работи за нешто тука да се надмудруваме, туку се работи за тоа да донесеме закон кој ќе биде во корист на воспитување на подобри ученици, генерации кои многу повеќе ќе ги ценат и почитуваат моралните вредности. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам потпретседателе.

Точно е дека Владата го подготви овој амандман 21 врз основа на дискусиите главно на опозицијата овде во Парламентот во комисиите, меѓу кои и на почитуваната Роза Топузова Каревска и иако не е вообичаено, со закон да се дефинираат наставните предмети, овде Владата

направи исклучок, за да се каже точно дека ќе има избор и тоа точно меѓу кои предмети.

Од сите амандмани што ги предложи почитуваната пратеничка, во образложението може да се види дека се соддржани четири. Тоа значи во петто одделение ќе се избира меѓу веронаука и запознавање со религиите, а во шесто одделение меѓу предметите етика и граѓанска култура. Бидејќи со наставниот план, кој е подготвен, овие два предмети се предвидени во шесто одделение, а не се предмет на закон, еве, овде кажуваме дека најголем дел заложби од почитуваната пратеничка Роза Топузова Каревска е прифатен, меѓутоа, не може да се прифати да се исфрли веронауката како предмет.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам потпретседателе.

На самиот почеток се заблагодарив на Владата што отишла чекор напред, барем им дава можност на учениците да избираат меѓу веронаука и историја на религиите, затоа што во претходниот текст на законот не беше така, немаа можност, секој можеше да ја изучува само својата вера. Но сепак укажав дека можеби терминот веронаука ќе предизвика одредени негативни импликации како врз основа на уставноста така и врз граѓанското општество за кое сите се залагаме и всушност е Македонија. Но проблемот е тоа што оваа Влада различно го толкува Уставот. Вели никаде во Уставот не пишува дека нешто е забрането. Почитувани колеги, не може во Уствот да пишува се што е забрането. Тоа значи дека имаме и разлличен пристап во толкување на Уставот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван потпретседателе, почитуван пртставник на Владата на Република Македонија, почитувани пратеници,

Во смисла на мисија невозможна, ќе се обидам овој амандман на нашата колешка од ЛДП да го одбранам, бидејќи заменик министерот го одби и ова е последна шанса на парламентарното мнозинство, бидејќи само тоа ова може да го стори, да се согласи од предлогот да се отргне верското образование да стане дел од образованието на Република Македонија.

Мене ми е многу криво што ова сега што ќе го зборувам не можам да го кажам пред министерот од ДПА, бидејќи сакам да прочитам нешто што од Стразбург директно е наменето за него, бидејќи да се влезе во еден извештај како министер и да се набележи од која партија е навистина е подвиг, а испровоциран сум од тоа што неговата колешка Флора Кадриу кажа нешто со што никогаш нема да дозволам да се манипулира во ова Собрание, со граѓаните на Република Македонија, а тоа е, цитирам: “оваа тн., реформа е усогласување со европското законодавство”. Прво, да не се манипулира со Владата, бидејќи да беше таков закон ќе го имавме знакчето на Европска унија на него, а дали е усогласување со европското законодавство ќе ви прочитам сега, бидејќи некои други колеги од парламентарното мнозинство односно од ВМРО ДПМНЕ кажуваа и цитираа ставови од Советот на Европа, кој наводно и препорачува на Македонија да воведе веронаука во образованието на Република Македонија. Меѓутоа, сепак недостигот од тоа што министерот на ДПА не е овде, имам друго задоволство, останува задоволството од еден претставник на Владата од Социјалистичката партија, од лево ориентираната Социјалистичка партија да не уверува сите нас дека треба да ја прифатиме веронауката во Република Македонија, што навистина е многу, многу интересен пример. Штета што Владата не се одлучи да оди со јавна расправа, бидејќи очигледно особено со претпоследниот амандман стана јасно дека вие не сте парламентарно мнозинство и како коалиција во Влада не сте успеале своите политички партнери да ги уверите дека е потребна веронаука, па пак имаме претставници на неколку ваши коалициски партнери кои сакаат веронауката да се одстрани во тој предмет. Значи, ова е предлог на ВМРО ДПМНЕ и ДПА.

Сметам дека треба да се прифати амандманот на колешката Роза, односно верското образование да се отстрани и да се изучува историја на религијата и етиката, бидејќи за мене останува сосема нејасно зошто упорно се инсистира со многу законски проекти, особено со овој, да се расипе нешто за што бевме пофалени како држава Република Македонија, за што бевме на крајот на краиштата и вреднувани, наградени да не кажам, со кандидатскиот статус, каде пишуваше дека прво, ова е единствен функционален модел на мултиетничко општество и второ, кандидатскиот статус се доделува на Република Македонија затоа што е постигната стабилизација на меѓуетнички односи. Наместо да се оди во тој правец, се предлага директно проект воведување на веронаука, со што ќе се изврши дезинтеграција, односно сегрегација на Македонците кои што учат и веруваат во една религија со оние кои веруваат во друга религија. Зошто кога тоа е сеуште чувствителна тема во Република Македонија, зошто кога тоа е длабоко сум уверен единствената шанса Република Македонија да оди напред и да влезе конечно во Европска унија итн., наместо тоа, имаме предлог да се изучуваат различни религии со тоа што ќе се изучува единствено историјата на религијата и етиката, со што ќе се придонесе за разбирање на различностите, меѓусебна почит и толеранција, како што пишува во образложението, односно ќе го постигнеме она што ни е потребно на сите нас, меѓусебно разбирање, да се зближиме уште

повеќе. Со овој предлог, со воведување на веронаука се постигнува нешто сосема обратно.

Неколку пратеници, министерот тоа го употребуваше, премиерот го употребува и портпаролот после една наша забелешка дека Владата на Република Македонија, цитирам “секогаш ќе ги слуша констатациите и мислењата на меѓународните институции”. Ако е така, тогаш дозволете да ви прочитам што на оваа тема вели најновиот извештај за Македонија во Советот на Европа, кога се зборува за едукација, за да видиме дали ова претставува реформа, дали ова претставува всушност некакво, како што кажаа некои колеги, усогласување со европското законодавство или нешто сосема обратно, односно живеење во еден изолиран свет каде што Владата ниту ќе комуницира со граѓаните за да види дали граѓаните, родителите, учениците, наставниците сакаат веронаука во училиштата, ниту дали е тоа нешто што Европска унија односно Советот на Европа ни го препорачува.

Цитирам: “Подвоените класови и недостигот на оддржлив повеќе културолошки интегрален пристап во образованието остануваат предоминантна појава во земјата”, значи подвоени класови, нешто што вие уште повеќе го правите, “за среднорочната и долгорочната стабилност на Македонија е многу важно децата, идни граѓани на Европска унија да се едуцирани денес, како тие се едуцираат денес, односно како ја изучуваат историјата, различните јазици итн.”, точно она што е набележано во амандманот на пратеничката од ЛДП. Јас би ги замолил особено колегите од ДПА да му го пренесат ова на министерот. Ова го пишува претседателот на мониторинг комисијата, односно господинот кој што го подготвува извештајот за Европа.”Добив впечаток од нашите дискусии со новиот министер (и самиот етнички Албанец од ДПА) дека меѓу културолошкиот аспект на образованието не беше меѓу водечките приоритети на неговото министерство со кое тој раковод”. Знаете што значи ова? Директно обраќање на еден министер со директно чувство и мислење за тоа како функционира. Сосема обратно од сето она што го кажа министерот претходните денови, да не кажам недели. “За септември 2007 година Владата исто така има намера да воведе религиозни часови во школскиот распоред. На некој начин тешко е да се разбере зошто е неопходно да се воведе религија како предмет, освен со некаква цел за промовирање на меѓукултуролошките студии и со тоа меѓусебно разбирање на етничките заедници”. Понатаму, како и да е, ако веќе се инсистира да се воведе тој предмет од огромно значење е да се забележат почетните стандарди, прво, религијата да не се предава како алтернатива на граѓанското образование и ова што го говориме цело време, под број 2, учениците да имаат слободен избор дали да ги посетуваат часовите или не, а не да биде задолжително како што вие предлагате.

Значи вие и понатаму велите дека сакате да влеземе во Европска унија, дека ќе ги почитуваме ставовите на оние кон кои сакаме а се придвижиме или онаму каде што сме членови. Има овде пратеници од ВМРО ДПМНЕ кои одлично ја познаваат работата на Советот на Европа, меѓутоа, правите сосема обратно. Јас сметав дека говорите на премиерот Груевски на албански јазик, говорите на претседателот на албански јазик кои ги поздравува, мислев дека конечно е концепт на приближување меѓу Македонците и Албанците, меѓутоа, предлозите што ни доаѓаат овде кажуваат нешто сосема поинаку и ќе ни се случи понатаму тоа што вчера и се случи на вицепремиерката, да оди во Брисел по нејзина иницијатива и да добие, да не бидам груб и да кажам шлаканица, но да добие повторно критики.

**Иван Анастасовски:** Да ве замолам колега, да се вратиме на трите амандмани. Деловнички ве замолувам да се вратиме на амандманите.

**Андреј Жерновски:** Тоа е темата.

На крајот, најискрено мислам дека треба да го прифатите овој амандман не затоа што доаѓа од ЛДП, не затоа што доаѓа од опозицијата, но затоа што тоа се препораките на оние институции каде што членуваме или каде што сакаме да членуваме поради доброто на граѓаните на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодаам колега.

Три минути реплика за пратеникот господин Љубисав Иванов - Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Младиот Жерновски не знам дали го знае вицот за комшиската крава. Ако не го знае, ќе му го разкажам потоа.

Меѓутоа, убаво е што ја спомнува Социјалистичката партија затоа што таа е социјалистичка, социјализмот нема алтернатива. Ние социјалистите сме демократска и слободна партија. Сакаме да се образуваат децата, луѓето, граѓаните, да стекнуваат големи знаења, па и најголемите противници на Маркс детално го проучуваат, па и на филозофските факултети и во западните земји Маркс се проучува од доста широки аспекти, за да се согледа и другата страна и другите погледи, другите гледања итн. Не е убаво партии да се мешаат во вакви процеси, а јас лично очекувам од Жеровски дека тој ќе прерасне во еден сериозен политичар. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот господин Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Ќе започнам со она што вие завршивте дека се надевате дека Жерновски еден ден ќе прерасне во сериозен политичар. Вие претходно на мојот колега од СДСМ му реплициравте со вицот за бабата. Сега, ми реплицирате со вицот за кравата. Јас мислам дека е време вие нешто сериозно да кажете. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Блгородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер за образование и наука, почитувани колеги пратеници,

Во самиот претрес по Предлог законот за основно образование се јавував неколку пати и го искажав мојот став и моето мислење. Ќе бидам конкретна и целосно ќе се приклучам на амандманите поднесени од госпоѓата Роза Топузова Каревска, претходниот амандман на Славица Грковска, амандманот на Лилјана Поповска, а тука е и госпоѓа Јагнула, бидејќи се однесуваше за бришење на членот 2 од Предлог законот.

Во членот 2 на Предлог законот стои: "Со наставниот план и програма се утврдуваат изборните предмети од областа на верското образование, целите, задачите и содржините, како и профилот на кадарот што ќе ја реализира програмата. Учениците согласно наставниот план и програма ќе можат да избираат меѓу предметите за верско образование", или тоа преточено во измените сега дадени со амандманот 21на Предлог законот за основно образование, имаме веронаука и историја на религии, учениците да избираат меѓу овие два предмети. Тоа се прдлага со новиот амандман 21.

Целосно ги поддржувам амандманите од претходните дискутанти за бришење на членот 2. Зошто го зборувам ова?

Воведување на веронаука е нов проект, нов предмет. Факти што зборуваат против веронаука во основно образование. Немојте да сфатите дека ние во овој момент зборуваме да не се воведе веронаука,  но не значи дека сме атеисти. Тоа е сосема поинакво мислење и сфаќање од оние што веќе се смеат.

Да се воведе веронаука во петто одделение за мене е навистина еден предлог многу неумесен. Што со оние родители кои нема да дозволат нивните деца да изучуваат веронаука? И, згора на сето тоа теолози, без верска облека ќе бидат и учители? Се враќаме во далечното минато почитувани пратеници.

Сите имаме деца, треба најсериозно да размислиме што значи воведувањето на веронауката во училиштата. Јас, ова ќе го дадам низ факти кои говорат против веронаука во основното образование и сметам дека со ваквите потези ние сме далеку од Европската унија.

Сведоци сме на кршење на норми од ваша страна. Морални, правни и со самата иницијатива од ваша страна за воведување веронаука во основните училишта, само се потврдува фактот дека немате скрупули и најдрско ги кршите општествено прифатените норми.

Член од Уставот ја определува Република Македонија како секуларна држава, што значи одвоеност на црквата и државата. Односно немешање на црквата во државните институции, а образованието е еден од основните столбови на државата. Со самото тоа правите директен упад и на најбезобразен начин го кршите Уставот.

Од друга страна со ваквиот предлог постои опасност грубо речено да осакатиме цели генерации на млади луѓе. Како поткрепа на ова тврдење ќе спомнам и неколку факти дека основен предмет или изборен или задолжителен треба да биде некој што ќе ги учи кон нешто како што е предметот биологија, во рамките на што, меѓу другото се изучува и потеклото на човекот. Замислете што ќе се случи, како на млада личност, каква конфузија ќе настане? Ќе западнат во дилема, во конфузија. Од една страна научно ќе им биде објаснувано на овие часови како настанал човекот, а од друга страна пак дека Бог е творец на човекот и дека човекот настанал од кал, од угрушка. Ова се навистина сосема спротивни мислења. Младата кревка личност ќе ја ставиме уште во петто одделение, од нејзината возраст пред дилемата и ќе и наметнеме избор што е правилно и кому да верува. Едноставно, ќе ја доведеме до состојба на една збрканост, конфузија или поточно неможност да се определи. А, крајниот резултат на тоа ќе биде или отфрлање на двете теории или прифаќање на двете без можност да стекнеме знаење за она што е правилно и вистинито.

Друг непобитен факт е наметнување на веронаука на младите, односно што со оние деца кои се атеисти и не ја прифаќаат веронауката?

Трет, многу значаен факт е, ќе настане подвоеност, ќе настане сегрегација и уште поголем раздор помеѓу припадниците на различни верски исповести. Односно, секој ќе верува во вистинитоста на сопствената религија, во нејзиното толкување. Тоа, верувајте, ќе придонесе за формирање на еднообразен и едностран поглед на светот.

Друг значаен факт, според мене почитувани пратеници е што припадниците на една вероисповест ќе учат дека нивната религија е исправна и тоа ќе придонесе до развој на егоцентризмот и етноцентризмот чиј највисок степен е национализмот.

Никој, верувам сите овде кои сме, од нас, не сака да создава и поттикнува развој на негативни морални особини кај младите. А, со ваквиот предлог, се плашам, а верувам дека секој од нас ќе се заплаши дека до тоа ќе дојде.

Можеби е добро, почитувани пратеници, тоа е едно добро компромисно решение,...

(Реакција од страна на пратениците од опозицијата)

**Иван Анастасовски:** Сега сакав и јас да реагирам.

Ве молам со телефоните колеги, ако навистина имате битни разговори излезете надвор, разговарајте.

Продолжете.

**Верица Филипова:** Мене воопшто не ми пречи, мислам дека македонската јавност ова го слуша. Веќе е запознаена што се прави и каков раздор...

**Иван Анастасовски:** Продолжете по амандманот.

**Верица Филипова:** Јас мислам дека се ова е во прилог на амандманот, почитуван потпретседателе.

Можеби е добро наместо да ги пуштаме мобилните телефони и да предизвикуваме ваков хаос во собраниската сала да се сослушаме и да најдеме едно компромисно решение, врз основа на предложените амандмани што беа многу издржани, односно изучување и воведувањ на социологија на религија, историја на религија, фолозофија на религија што ќе биде сконцентрирана кон изучување и потенцирање на моралниот кодекс, на универзалните религиски системи и интегрирано изучување на соодветните религии. Но, тоа да го вршат лица кои се занимаваат со таа проблематика, остручени токму за ова.

Само во тој случај ќе имаме успех и ќе градиме здрави потомства. А нам, во овој момент ни требаат само здрави потомства, здрава младина, бидејќи борбата на сите нас и на нивните родители е токму да изградиме здрави личности кои седат во училишните клупи. Затоа ги замолувам и упатувам голема благодарност на парламентарното мнозинство, не со потсмев, меѓутоа со голема сериозност треба да пристапат и да го сослушаат соговорникот, бидејќи и тие се родители. Оние кои не се, Бог нека им даде да имаат па да размислуваат така, да бидат посериозни и да бараме компромисно решение. Се работи за млада популација и сите предложени амандмани за мене беа многу издржливи, многу исцрпни и од голема корист за оваа здрава популација во Република Македонија.

Ги прифаќам исцело амандманите и сметам членот 2 треба да биде избришан.

Веронаука во училиштата не. Има институции кои треба и каде треба да се изучува веронаука, па нека повелат таму да изучуваат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, а колегите кои се надвор од салата да влезат. Ќе пристапиме кон гласање.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата)

Уште еднаш ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата)

Ги повикувам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата)

Во салата се присутни 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, за гласале 13, нема воздржани, 49 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број 07-1325/8.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазаров:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Еве, јас ќе го одржам она што го кажав при претходниот амандман, нема да образложувам долго, само ќе кажам на што се однесува овој амандман.

Ова е другата можност што ја нудам, наместо верско образование да можат учениците да избираат помеѓу историјата на религијата и етиката. Мислам дека ова е најприфатливиот амандман. Очекував дека ќе го прифати заменикот министер. Но, бидејќи не го прифати, очекувам да го прифатат колегите од парламентарното мнозинство, затоа што ништо не се губи со ова. Ако го прифатат овој амандман никој не ќе може да им префрли дека се помалку верници или помалку веруваат. Пак ќе останат со своите убедувања.

Во името на тоа да можеби сега и ја првршиме дискусијата, со оглед на тоа дека преку два месеци стечајните работници ни се пред врата, би требало да оствариме средба денеска со нив почитувани колеги, за да не земам збор процедурално го кажувам сега.

Јас се повлекувам од дискусијата и од овој амандман и од следниот амандман. Овој амандман го оставам да се изјасни парламентарното мнозинство. Имав опширно образложение и сметам дека беше доволно за оние кои сакаа да го прифатат амандманот.

Уште еднаш замолувам, во најдобра насока и најдобра намера да амандманот биде прифатен за идните генерации, а не за она што ние денеска овде треба да се натпреваруваме меѓу себе кој е поголем а кој помал верник. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитувана колешке.

Јас на ваше инсистирање дозволив да се води претрес по сите три амандмани што се идентични. Во секој случај ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 13, нема воздржани, против гласале 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска, под архивски број 07-1325/9.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазаров:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Се работеше за избор помеѓу основите на религијата, со тоа да можат учениците да изучуваат различни религии. За тоа веќе говорев, и етиката. Но, бидејќи не се прифати овој амандман, амандманот го повлекувам. Очигледна е тенденцијата што ја има парламентарното мнозинство да не прифати ниту еден амандман без разлика колку е тој конструктивен и во добра насока. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазаров:** Амандманот не се прифаќа. Оваа техничка исправка е вклучена во амандманот на ЗПК, тоа е следниот амандман што ќе се прифати.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се прифаќа. Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен. Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 за додавање нов став 3 по ставот 2 и за додавање нов став 5 по ставот 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазаров:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазаров:** Амандманот не се прифаќа. **Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Со оглед на тоа што овој амандман се однесува на членот 5 со кој што се регулира времето или тајмингот од кога ќе почне верското образование да се применува, имајќи предвид дека ниту еден од претходните амандмани не беше прифатен, овој амандман сега станува безпредметен и затоа го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен. Благодарам почитувана колешке.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата)

Ги замолувам уште еднаш пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

(Пратеници влегуваат во салата)

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници присутни во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата)

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, Предлогот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 60, за гласале 51 пратеник, 1 се воздржал од гласање, 8 гласале против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на закон со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот молам да крене рака? (Пратеници креваат рака)

Кој е против молам да крене рака? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

На седницата присуствуваат 12 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Од нив, за Предлогот гласале сите 12 пратеници, нема воздржано нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование.

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за јавното обвинителство.**

Бидејќи немаме во моментов претставник на Владата, објавувам пауза до 15,00 часот заедно со паузата за ручек.

(По паузата седницата продолжи во 15,07 часот)

**Бесим Догани: Продолжуваме по точката 9 - Предлог за донесување на закон за јавното обвинителство**

Отварам претрес.

Молам кој бара збор.

Има збор министерот за правда Михајло Маневски.

**Михајло Маневски:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Во рамките на реформата на правосудниот систем денес на дневен ред се два закони чие донесување се предвиде во Стратегијата за реforама на правосудниот систем. Со донесувањето на законите како што е Законот за јавното обвинителство и Законот за Совет на јавни обвинители на Република Македонија е од исклучително значење.

Имено, борбата против организираниот криминал и корупцијата во најголема мерка зависи од капацитетите на институциите да се справат со овие зла. Јавното обвинителство е еден најзначаен орган со исклучително значајна надлежност и одговорност за справување со корупцијата и организираниот криминал и криминалитетот воопшто. Исто така, би сакал да истакнам дека наведените два закона кои се предмет на расправа претставуваат оживотворување на уставните амандмани во сферата на јавно обвинителската организација. Вие знаете дека со уставниот амандман 30 и со уставниот амандман 24 се уредуваат прашањата што се однесуваат на предлагањето на Јавен обвинител на Република Македонија и прашањата за уредувањето на јавното обвинителство и начинот и именувањето на јавните обвинители во Република Македонија. Во Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани беше предвидено законот за измени и дополнувања на Законот за јавното обвинителство да бидат донесени во рок од 9 месеци. Сакам да ве известам дека во рок од 9 месеци по овие два закони  не е направено ништо. И Владата на Република Македонија со самиот нејзин избор веднаш се зафати со подготовка на Законот за јавното обвинителство и Законот за Советот на јавни обвинители. Дека не е направено ништо, овде имам една преписка која што се водела долго време помеѓу Министерството за правда и Здружението на јавните обвинители каде што дури после 7, 8 месеци тие расправаат за прашањето кој треба да предложи членови во работната група за изготвување на законот за јавното обвинителство, дали Министерството за правда треба да предложи членови, претставници во групата која што ја формира Јавното обвинителство, Здружението на јавните обвинители, или пак како што надолго и на широко наведува Министерството за правда кое бара да се определат членови од страна на јавното обвинителство, а не обратно. И сето тоа завршило до последното писмо кое што е датирано со датум од 24.07.2006 година во кое се наведува дека за оваа цел би сакале да побараме од Министерството за правда да назначи свои претставници кои би учествувале во активностите на Здружението во оваа почетна фаза. Значи, седми месец, тоа е осум месеци после прогласувањето на уставните амандмани. Ова го говорам заради определени состојби кои што сакаат поинаку да се претставаат и  би било од  значење да се види во која мера и на каков начин е пристапено кон донесувањето на законот за измени и дополнувања на Законот за јавното обвинителство како што пропишувал Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани. Мислам дека на овие два закони Министерството за правда, односно Владата на Република Македонија вложи голем труд и многу големи напори со вклучување на експерти во работната група од различни области од земјата и од странство, врвни домашни експерти и секако она што значи транспарентност и јавност во донесувањето на законите уште во текот на ноември и декември се одржани две тркалезни маси во рамките на Здружението на јавните обвинители, во рамките на Министерството за правда, функциите што треба да ги остваруваат другите институции вклучени во подготвувањето на овие закони на кои се дефинирани правците и решенијата што треба да бидат содржани во Законот за јавното обвинителство. Мислам дека значајно е тоа да се каже дека покрај домашните експерти беа вклучени и експерти од надвор, тоа е професорот Франческо Мандои кој што е врвен стручњак од оваа област и секако претставници

од твининг проектот на Европската комисија во Јавното обвинителство на Република Македонија како претпартнер на италијанската Влада со значителен придонес во уредувањето на прашањата што се содржани во овие закони.

Мислам дека  борбата против организираниот криминал, Јавното обвинителство е тој орган кој што е надлежен да спроведува постапки и надлежен да се грижи за откривање на кривичните дела и нивните сторители, да спроведува постапки, да презема правни дејствија и тн., секако дека може да биде ефикасно само со донесувањето на овие законски акти и за тоа што овие активности Владата на Република Македонија, мислам дека презема значајни чекори и во други области.

Во оваа прилика би сакал да напоменам дека преземените мерки што ги презема Владата на Република Македонија во врска со донесувањето на овие закони, се однесуваат и на јакнењето на институциите внесени во законите, едукацијата на вработените во нив, одвивањето на меѓународната соработка, ефикасност и тн. Сите овие активности може да се каже дека даваат одредени резултати. Сведоци сме денеска дека последните месеци се откриени и веќе имаат и судска завршница поголем број на случаи за корупциски и други кривични дела од оваа област.

Значи, практично Владата на Република Македонија има цврста определба изразена и низ функциите што треба да се остваруваат од страна на овој орган во законите. Значи, цврста политичка волја да се справи со корупцијата и организираниот криминал. Тоа го покажа и во досегашните нејзини активности.

Една од претпоставките за интензивирање на борбата против криминалитетот и донесувањето на законите на Јавното обвинителство и Советот за јавните обвинители, би сакал да истакнам дека ова што е содржано во овие закони претставува функција на Јавниот обвинител, значи со законот за Јавното обвинителство се јакнат капацитетот и ингеренциите на Јавниот обвинител, неговата положба на активен насочувач и координатор на активностите. Јавниот обвинител станува одговорен субјект во ефикасноста, во ефикасното функционирање на кривично правниот систем воопшто.

Донесувањето на Законот за Јавното обвинителство, а секако, тука е неминовно да се спомне и Законот за Советот на јавните обвинители, практично претставува и операционализација на препораката 2019 на Комитетот на министрите на Советот на Европа од 6.10.2000 година, во однос на местото и улогата на Јавното обвинителство во 21век. Тоа што беше утврдено на состанок на Советот на Европа во мај месец 2000-та година на јавните обвинители од цела Европа кои ги утврдија правците и функциите на Јавното обвинителство и неговата местоположба и организираност на Јавното обвинителство какво што треба да биде во рамките на Европа и заради сето она што треба да го чини. Тука се вградени заклучоците од Лондонската конференција за борбата против организираниот криминал, да не ја спомнувам Конвенцијата од Палермо. Потоа, секако, извештаите од групацијата ГРЕКО и тн., се она што треба да значи организирање и функционирање на една институција, на еден орган како што е Јавното обвинителство кое што треба да обезбеди ефикасно спречување на криминалитетот воопшто, особено, она што треба да значи организиран криминал и корупција, она што практично нанесува најголеми штети на државата.

Донесувањето на Законот за Јавното обвинителство е определено исто така од потребата, покрај за надградба на казнено правната рамка во оваа област, а основна цел е да се обезбеди ефикасно сузбивање и спречување  на криминалитетот и посебно на неговите најсложени облици, имајќи ја предвид појавата на новите форми на криминал, со кои се соочуваме секојдневно, појава на облици на криминал кои се предвидуваат и во новите конвенции, Конвенцијата за компјутерски криминал, Конвенцијата за трговија со луѓе, конвенциите за трговија со дрога и тн., Конвенцијата за превенција од корупцијата, да не ги наведувам сите, да не одземам многу време, мислам дека сето тоа што е од тој аспект вградено во функциите на Јавниот обвинител ќе се создадат предуслови за ефикасно сузбивање. Значи, знаејќи ја статусната положба на Јавниот обвинител, доградувањето на механизми на одговорност, да се обезбеди меѓународна соработка во оваа област, затоа што, сите ние знаеме, сите овие меѓународни конвенции повикуваат на меѓусебна соработка на институциите во државата и регионална соработка во рамките на ефикасното попречување, особено на делата на криминалитетот од организираните облици, затоа што организираниот криминал не познава граници и извршителите на таквите кривични дела, очигледно дека одат многу понапред, отколку што одат институциите и е неопходна таа меѓународна соработка.

Значајна новина во Законот за јавното обвинителство претставува новиот пристап во борбата против организираниот криминал и корупцијата.

Наша интенција е да се востанови  Јавно обвинителство што ќе биде надлежно да постапува за гонење на делата на организираниот криминал и корупцијата. Сакам само да ви спомнам дека во досегашната расправа и во подготовките за донесувањето на законите и во расправата во Собрание, практично никој не ја отвори оваа функција што треба да ја остварува ова јавно обвинителство. А, сакам да кажам само една реченица, од Канцеларијата на Европската унија, од амбасадорот кој го дава ова мислење дека концептот за создавање на специјализирано

Јавно обвинителство за организиран криминал и корупција е за поздравување.

Очигледно дека државата е веќе свесна и затоа се поздравуваат овие иницијативи и во рамките на Европа и на други држави каде што има вакви обвинителства, што има ангажман, пред се, ангажираност во спречувањето на најсофистицираните облици на кривични дела, со точно определени ингеренции во Закон за Јавно обвинителство.

Мислам дека ова што треба да се искаже во оваа можност е дека и во расправата на комисиите и во расправата што беше по Предлогот на законот и во мислењата што се прибавени по законот, во средината на јануари беше доставен и на Венецијанската комисија, на 15 и 16 март беше на расправа во Венецијанската комисија. Тие мислења ќе ни бидат драгоцени за вградување во натамошниот текст на донесувањето на законот.

Меѓутоа некои од прашањата што се поставуваат, мислам дека заслужуваат посебно внимание. Тоа се прашањата за односот на хиерархијата и субординацијата, заради принципот врз кој што се организира Јавното обвинителство, меѓутоа со определени ограничувања заради тоа што, секако, дека интенциите одат кон тоа да јакне позицијата на Јавнот обвинител во системот, а вие, веќе од законот можете да прочитате дека повеќе нема заменици јавни обвинители, туку дека се сите јавни обвинители, дека виш јавенобвинител и јавен обвинител во Вишото Јавно обвинителство е оставен и т.н., заради тоа што во принципот на хиерархијата и субординација не смее да влијае на иницијативноста и на одговорноста на секој носител на функција на јавниот обвинител. Тоа се оние ограничувања од принципот на хиерархија и субординација. Тоа се однесува на делегирање предмети и се однесува на принципот на давање задолжителни упатства. Ќе видите во текстот на законот дека се тоа задолжителни општо упатстава, а не се некакви упатства што би требло да ја нарушат одговорноста и иницијативноста на носителот на функцијата на Јавното обвинитеслтво.

Тоа значи дека треба да јакне функцијата на секој јавен обвинител во секое јавно обвинителство, затоа што секој е веќе јавен обвинител, а не како до сега заменикот јавен обвинител да се прикрива зад носителот на функцијата, па сега носителот на функцијата е тој орган што треба да одговара.

Секако дека околу некои прашања во врска со именувањето на јавен обвинител, пред се на Република Македонија, знаете дека во Уставот тоа прашање е уредено со тоа што Владата на Република Македонија предлага јавен обвинител по претходно прибавено мислење од Советот на јавните обвинители. Ова го говорам заради определени искажувања за тоа дали мислењето на Советот на јавните обвинители да биде обврзно за Владата на Република Македонија. Ако е обврзно, тогаш Владата на Република Македонија, практично, излегува дека нема никакви ингиренции. Меѓутоа, сепак, Законот има определен однос кон Советот на јавни обвинители, со тоа што во Законот стои обврска, до колку Владата не се согласи со мислењето на Советот на јавните обвинители, барем да ги искаже причините поради кои тоа не се прави.

Секако мислам дека јакне извештајноста и отчетноста на Јавниот обвинител. Гледате во членот 23, став 1 дека Јавниот обвинител доставува извештај за својата работа до Собрание на Република Македонија, говорам за Јавниот обвинител на Република Македонија и за состојбите со криминилитетот. А, во ставот 2, разлика, поднесува извештај, а во ставот 2 доставува извештај, тоа е сепак доставување заради запознавање до Врховниот суд на Република Македонија. Не знам дали Врховниот суд на Република Македонија не треба да биде информиран за тоа што работи едно јавно обвинителство, какви се неговите видувања и т.н., бидејќи е тоа очигледно една иста материја, бидејќи се работи за казнената област, каде што ингеренциите на судот и т.н. се многу познати и многу значајни. Мислам дека тоа доставување е заради запознавање, а не е поднесување на извештај до Врховниот суд или до Владата. Извештај поднесува само до Собранието на Република Македонија.

Ако едно време се говореше, а се говореше многу пати зошто состојбите во Република Македонија во врска со гонењето на криминалитетот и на најсофистицираните, најтешките облици на криминал не се такви какви што треба да бидат, дека напливот на корупција и криминал, дека има неефикасна постапка и т.н., па често се говореше дкеа јавниот обвинител нема доволно ингиренции.

Сега на одреден начин, тие се поединечни истражувања, но и тоа би бил должен на одреден начин да го кажам, на некој начин поединечни мислења можат да се слушнат дека сега на Јавниот обвинител му се даваат преголеми овластувања. Мислам дека ни едното ни другото не е точно, туку на Јавниот обвинител му се даваат овластувања што треба да ги има и секако дека во функциите што треба да ги извршува Јавниот обвинител и овластувањата што треба да ги има треба да одат кон тоа да се обезбеди Република Македонија да има Јавен обвинител кој ќе ги следи состојбите и кој ќе дава иницијативи, кој ќе ги насочува и координира активностите, значи Јавен обвинител кој ќе има активна наместо пасивна позиција, Јавен обвинител кој што ќе има активна положба во претистражната и истражната постапка, Јавен обвинител кој што ќе биде ефикасен и одговорен за функционирањето на кривично правниот систем.

Сакав да ви кажам за некои состојби кои се сега во Јавното обвинителство кои се загрижувачки, бидејќи податоците со кои располага Министерството за правда покажуваат дека на

крајот на 2006 година останале нерешени дури 5472 кривични пријави против познати сторители. Ако се има предвид состојбата дека од тие 5472, 2300 се во Основното јавно обвинителство во Скопје, тогаш ќе се види каде треба да се лоцира проблемот. Меѓутоа, поинтересно е прашањето зошто тие кривични пријави останале нерешени. Пријавите останале нерешени заради тоа што со месеци или на некои пријави и со години не е одговарано на барањата на Јавниот обвинител од каде што побарал определени известувања, побарал одредени податоци итн, каде што не се имало соодветен однос спрема Јавниот обвинител. Сега со Новиот закон како што ќе видите се создаваат обврски да се одговори на барањето на Јавниот обвинител во рок не подолг од 30 дена заради тоа што како ќе ги решиме овие случаи ако овие кривични пријави не ги решаваме со години и месеци. Ќе наведам конкретно еден пример, кој што е познат на јавноста. Се отфрли една кривична пријава против поранешни раководители, поранешни одговорни лица од Кожарскиот комбинат “Годел” за ни повеќе ни помалку пријавени присвојувања на околу два милиони евра. И што е се направено за пет години? За пет години се напишани девет ургенции, сите се исти како јајце на јајце, само се додава името, се додава бројот, се додава нов датум и се чека. Поминуваат 5 години, настапува апсолутна застареност на казненото гонење, кривичната пријава се отфрла. Такви постапки понатаму Законот за јавни обвинителства не дозволува ниту може да дозволи, па ниту било која држава може тоа да го дозволи, затоа што очигледно дека криминалитетот треба да се спречува и на превентивен план, но и на репресивен план со преземање на конкретни и ефикасни мерки и секако дека она што сакам на крајот да го кажам, а тоа е, бидејќи пред 3-4 дена присуствував на Конференцијата, на средбата на министрите за правда од Југоисточна Европа во Загреб, на министрите за правда и внатрешни работи и сакам да ви кажам дека таму се искажаа многу позитивни мислења со менувањето на местото и улогата на Јавниот обвинител во истрагата, заради тоа што ние сме една од ретките земји каде што истрагата сеуште ја спроведува истражниот судија, а треба да ја спроведува Јавниот обвинител. Хрватска, со министерката за правда на Хрватска остварив билатерална средба и тие одат на оваа релација на изменување, како што направи Република Македонија со Информацијата што ја усвои Владата на Република Македонија за усвојување на Стратегија на реформи во казненото законодавство, а тоа значи донесување на измени и дополнување или ќе видиме нов Закон за кривична постапка, каде што истрагата ќе прејде од истражниот судија на Јавниот обвинител, а истражниот судија ќе има определени ингеренции за контрола на законитоста во врска со функционирањето, мерките што ги презема Јавниот обвинител и мислам дека она што ние го правиме на планот на реформите, покрај овие реформи, имплементација на овие закони во судските реформи, секако дека не застануваме, заради тоа што сега одиме со една крупна реформа на казненото законодавство заради тоа што во тоа законодавство, покрај сите овие измени и дополнувања што треба да бидат донесени, треба да се вградат некаде околу 25-30 директиви и регулативи од Европската унија, многу конвенции и секако многу измени во Кривичниот законик, за кој ќе биде неопходно во него да се вградат и нови облици на кривични дела и ефикасна заштита на имотот на субјектите заради функционирањето на тие елементи во врска со изрекувањето на крупните санкции што се предвидени во кривичното законодавство на Република Македонија.

Се на се, мислам дека Република Македонија со овие два закони, и Законот за јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители и оние реформи кои што треба да бидат спроведени некаде до крајот на 2007 година на казненото законодавство, со вклучување на експерти и од земјата и од странство, со вклучување на донаторска и друга помош на експерти од други држави, мислам дека ние ќе бидеме на пат да направиме законодавство современо, ефикасно законодавство, и казнено законодавство но и материјално и процесно законодавство.

Ви благодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Маневски.

Процедурално, има збор пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Во името на пратеничката група на СДСМ барам да ги добиеме стенографските белешки од излагањето на министерот и да имаме половина час после тоа време да можеме да ги разгледаме да се подготвиме за расправа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Спасовски, во име на пратеничката група на СДСМ, ви го давам максимумот од еден час пауза.

(Пауза од 15,30 часот)

(По паузата седницата продолжи во 16,32 часот)

**Бесим Догани:** Дали некој од пријавените е за реплика? (Никој)

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господин министре, почитувани пратеници,

Еве, дефинитивно после скоро еден месец во собраниска процедура стигна и овој закон на дневен ред. Јас мислам дека навистина долго го “влечкавме” овој закон. И сега кога е отворена расправата, барем немаме опасност дека може да ни се уфрли некоја нова многу поважна точка од овој закон и повторно да ја одложи дебатата. Сега отворена е расправата и можеме да ги

кажеме нашите забелешки. Она што сакам овде начелно да го подвлечам е дека навистина ако сакавме, или ако ни беше нешто важно во изминатиов период и ако навистина сите се залагаме за борба против криминалот и корупцијата, требаше тоа да го покажеме со односот кон овој закон, со тоа што требаше да го ставиме можеби веднаш по доаѓањето во собраниска процедура на дневен ред, а не во меѓувреме да доставуваме, односно Владата да ни доставува разно разни предлози за изменување и дополнување на други закони кои што практично овде беа образлагани, или третманот кој што го добија произлезе дека се многу поважни од Законот за јавното обвинителство. А во самото обраќање, во аргументите кои што министерот како претставник на предлагачот ги даде и кажа дека овој закон е многу важен, и секако дека е важен за борбата против криминалот и корупцијата и дека пред се цел на оваа Влада е борбата против корупцијата. Значи, уште еднаш, со односот спрема законот не го докажавме, односно Владата не го докажа тоа.

За задоцнувањето околу донесувањето на овој закон беше обвинета претходната влада дека го пропуштила рокот кој што беше утврден во Уставниот закон. Но, мислам дека и оваа Влада многу не се покажа на овој план, затоа што, ајде да не го сметаме времето на претходната влада, ајде да земеме дека е тоа така, иако имавме изборна година тогаш, иако завршивме со реформите во судството можеби на последната пленарна седница на претходниот состав. Но, рокот 9 месеци, или рокот 6, 7 месеци на оваа Влада протечено време, а сега да се доставува закон за јавно обвинителство во прва фаза, значи повторно укажува на третманот кој што го има оваа Влада спрема овој закон. Исто така, околу донесувањето, времето или тајмингот на донесување на овој закон, сметам дека доколку беше донесен овој закон многу порано ќе отпаднеа сите оние расправи и дилеми околу разрешувањето и именувањето, поставувањето, изборот на новиот јавен обвинител, за да немаме дилема дали јавниот обвинител на Република Македонија е избран според уставните амандмани по закон за јавно обвинителство, кој што требаше да биде усогласен со уставните амандмани и претставува ли некој проблем тоа?

Господинот министер тука образложувајќи ги причините заради потребата од донесување на овој закон наведе бројни меѓународни правни акти кои што се секако важни и кажа дека биле вградени. Ние не се сомневаме, но во овој закон во образложението кажавме, секој закон што ја носи ознаката на Европската унија треба да има табели назад кореспондентни, или она што го предложи нашата претседателка во Комисијата за европски прашања, барем на веб-страната на ресорните министерства по повод донесувањето на Законот кој што се усогласува со овие меѓународни акти, а особено со препораки од Советот на Европа треба да се достапни на сите пратеници, односно на јавноста. Ова го немаме. И она што особено јас би го побарала тука секако и најважно нешто е мислењето на Венецијанската комисија и мислењето евентуално под знак прашалник, мислењето на Мандои, затоа што јас мислам дека господинот Мандои беше ангажиран од страна на Владата и бидејќи е ангажиран од страна на Владата, Владата е обврзана, или должна на овој состав, на овие пратеници да ги достави прво, мислењето од Венецијанската комисија за да видиме како ова тело многу значајно од оваа област се произнело за решенијата кои што ни се нудат со Предлогот за донесување на Законот за јавно обвинителство и секако мислењето на господинот Мандои не можеби околу сите решенија што ни се понудени во законот, туку на решенијата кои што предизвикуваат внимание и на решенијата околу кои што ние се разидуваме тука и по кои што имаме различни мислења. Но, тоа не е направено не знам од кои причини, можеби од причини што голем дел од нашите забелешки и предлози точно се и забелешки на Венецијанската комисија и на господинот Мандои. Но, еве, ова е прва фаза, првата фаза е многу важна. Очекуваме од страна на предлагачот да ни бидат доставени и овие две мислења за да можеме во последната фаза во Предлогот на законот да сме на чисто, или на јасно кој подобро, или кое решение навистина е исправно за овие важни прашања.

Пред да поминам на суштинските забелешки по овој закон, би сакала да кажам дека начелно околу техниката треба да се подобри и некои членови од овој закон треба да се усогласат со Уставот. Тоа се членовите 2 и 3, затоа што сметам дека тие треба да бидат директно преземени од Уставот на Република Македонија и не трпат овие членови поинаква интерпретација, или поинакво нивно регулирање.

Моите суштински забелешки по текстот, односно по содржината, затоа што сме уште во прва фаза, ова е содржина на законот. По содржината на законот би ги поделила во три групи, или четири. Првата е, ставот на СДСМ и мојот личен став околу организацијата на јавното обвинителство, особено околу јавното обвинителство за гонење на организиран криминал. Потоа другите забелешки се во делот кои што се однесуваат на именување, избор на јавниот обвинител. Третите забелешки се околу делот, или главата што се однесува на престанокот на мандатот на јавниот обвинител. Нешто делумично околу дисциплинската постапка и околу преодните и завршните одредби.

Сега ќе почнам од почеток. Со Предлогот на овој закон се предвидува востановување на јавно обвинителство за гонење на организиран криминал. За да не бидеме сфатени, или да не бидам сфатена погрешно или поинаку како што можеби во изминатиот период од дебатите кои што беа спроведени, дел особено од пратениците од парламентарните групи на власт,

би сакала јасно да го кажам ставот на СДСМ. Ставот на СДСМ е дека навистина треба да јакне улогата на јавното обвинителство како орган за гонење на сторителите, односно на криминалот и сторителите на кривичните дела. И тука нема дилема, затоа што и во нашата програмска определба врвен приоритет на СДСМ е борбата пртив криминалот и корупцијата, а за да имаме ефикасна борба мора да имаме и институции кои што ќе имаат јасни надлежности и овластувања во својата надлежност. Повторно за да не бидеме погрешно разбрани, свесни дека навистина во јавното обвинителство треба да се организира тело, или орган кој што специјалност ќе му биде борбата против организираниот криминал и корупција. Уште со измените во 2004 година на Законот за јавното обвинителство востановивме Одделение за борба против организираниот криминал во јавното обвинителство. И ова Одделение според информациите кои што јас ги имам е доста успешна во работењето. Значи, уште тогаш ние како СДСМ сме ја увиделе потребата и затоа сме го востановиле овој со закон секако, со измени на законот ова Одделение и секако за борба против овој криминал не може само јавното обвинителство, тогаш востановивме и Одделение во Министерството за внатрешни работи, востановивме и посебни одделенија во одделни министерства кои што имаат надлежност. Значи, сме размислувале и сме мислеле околу оваа работа.

Што е сега она што нас овде ни претставува голема дилема? Големата дилема е дали вака предложеното ново јавно обвинителство за гонење на организиран криминал не е во спротивност со принципот на хиерархија и субординација кои што се основни принципи на организациона поставеност на јавното обвинителство. Министерот се обиде да објасни дека не се нарушува принципот на субординација и хиерархија, но не само што ние мислиме така, така мислат и голем број на експерти, така мисли и јавното обвинителство на Република Македонија, затоа што со Устав јавното обвинителство е дефиниран како единствен орган. И не трпи внатре востановување посебни нови јавни обвинителства. Само Јавниот обвинтел на Република Македонија може да постапува на територијата на Република Македонија. Сега со востановувањето на ова јавно обвинителство и ова јавно обвинителство ќе настапува, односно ќе постапува по предметите на цела територија. Ова значи дека ќе имаме, вака како што е поставено јавното обвинителство, прво за борба против организиран криминал или за гонење на организиран криминал и според сите оние решенија кои што се однесуваат понатаму во јавното обвинителство, јас навистина не можам да му ја најдам позицијата, на кое ниво е ова јавно обвинителство? Според надлежностите се изедначува можеби и со Јавниот обвинител на Република Македонија со надлежностите, затоа што постапува на територија на цела Република, има големи надлежности. Но, ако видите со условите кои што треба да ги исполнува Јавниот обвинител за гонење на организиран криминал се изедначуваат со условите кои што се пропишани за Јавен обвинител на основно јавно обвинителство. Значи, каде му е позицијата и на кое ниво? Понатаму, во практичната примена кога ќе почне да функционира ова јавно обвинителство како јавно обвинителство, ќе произлезат бројни реперкусии. Така ќе се постави прашање, бидејќи во членот 15, ставот 2 ова јавно обвинителство како е организирано добиваме впечаток дека е посебно обвинителство во јавното обвинителство, па така има специјализирано истражно одделение, понатаму има посебни специјализирани одделенија, стручна служба итн. Значи, како цел посебен орган. Ако се има во предвид дека јавните обвинителства во Република Македонија се формираат врз основа и на територијален принцип, значи онаму каде што има основни судови. Се поставува прашање онаму каде што нема одделенија, односно во судството ние немаме посебни одделенија со Законот за судови за гонење, кои што ќе постапуваат по кривичните дела за организиран криминал. Ќе се постави прашањето за месната надлежност, ќе се постави прашањето за стварната надлежност, ќе се постави прашањето за иземање, затоа што ништо овде не е регулирано, ќе се постави прашањето за двостепеност, кој ќе одлучува по актите. Ќе кажете Јавниот обвинител на Република Македонија. Но, ништо овде не е регулирано. Се на се ќе не доведе во ситуација да имаме орган внатре. За тоа во втората фаза. Ние не отстапуваме од позиции да се јакне улогата на јавното обвинителство и да се јакне улогата на ова одделение. Но, мора сериозно да се испитаат мислењата на експертите дали овој начин на организациона поставеност на јавното обвинителство е спротивно со овие два принципи, хиерархија и субординација и дали вака ќе ја слабееме позицијата на Јавниот обвинител на Република Македонија за кој што навистина сакаме сите овде без исклучок да му се зајакне неговата позиција. Еве само да ви кажам еден пример каде Јавниот обвинител ќе му биде послаба позицијата. Јавното обвинителство е организирано во Република Македонија секаде врз основа на овие два принципи, и на принцип на авокација. Принципот на авокација значи Јавниот обвинител на Република Македонија е највисоко на хиерархијата и тој ако има оправдани причини може да одземе предмет на сите обвинителства. А овде нема право, барем не е регулирано засега правото, Јавниот обвинител на Република Македонија да одземе предмет од Јавниот обвинител за гонење на организиран криминал. Значи, не само што се нарушени двата принципи, сега го нарушуваме и третиот принцип, принципот на авокација. Не зборуваме само за да зборуваме, зборуваме аргументирано.

Имаме и ние желба но мора да се водиме од уставните принципи, бидејки ги нарушуваме уставните принципи, иако министерот се обиде да ни објасни дека ваквиот начин на организација не бил спротивно со принципите. Ние цениме дека е спротивен во периодот од утврдувањето на потребата од донесување на овој закон, до изготвување до конечниот Предлог на законот. Добро да се размисли за овие укажувња, кои што сега ние ги даваме и секако, да се најде соодветно решение, затоа што вака според мене не може. Ако јас многу внимателно го следев министерот кога ги излагаше аргументите и образложенијата, изрази една дилема зошто сме приговарале дека Јавниот обвинител на Република Македонија треба да доставува, да поднесува извештај до Собранието на Република Македонија, поднесување е едно, доставување е друго. Реагиравме зошто Јавниот обвинител, тоа беше мое мислење, зошто Јавниот обвинител на Република Македонија треба да доставува мислење до Врховниот суд. Оценувам дека заради следење на казнената политика, заради следење на криминалитетот, но посебно задолжување, мислам дека не треба. Овие два органа треба да бидат независни. Можеби подобро е решението Јавниот обвинител или Собранието на Република Македонија по усвојувањето на извештајот за работата на Јавниот обвинител, овој извештај да биде објавен на веп страница, или во јавни гласила, и овој извештај да биде доставен до сите граѓани, вклучително и до сите заинтересирани лица. Бидејки ист третман имаме тука во овој член 23, став 2 и на Советот на јавни обвинители, кој што е орган во Јавното обвинителство и тој одлучува за именувањето на јавните обвинители и ист третман со Врховниот суд кој што си е посебен, самостоен орган на судската власт. Затоа реагиравме, затоа што се изедначени тука во третманот по повод извештајот, Советот на јавни обвинители, кој што е највисок орган во обвинителството и Врховниот суд кој припаѓа на судската власт.

Околу надлежноста на м инистерот, односно Министерството за правда, реагираме на членот 28 став 6 точно и во законот за Влада каде што се наведени надлежностите на Министерството за правда, кои што се однесуваат во судството и Јавното обвинителство но и тука треба точно да се утврди, или да се прецизираат кои се надлежностите на Министерството за правда. Свесни сме дека Министерството за правда треба да има самоуправно раководење или контрола на управното работење на јавното обвинителство, а не и над ажурното работење на Јавното обвинителство, затоа што може да се случи да имаме мешање во стручното работење на Јавното обвинителство.

Она што посебно сакам да го потенцирам, ние сме за зајакнување на улогата и надлежностите на јавниот обвинител, но сме и за строго дефинирање и разграничување на надлежностите на Јавниот обвинител и сите останати органи кои што се овластени според Уставот и според Закон да вршат одредени надлежности во гонењето на криминалот. Затоа треба да се разработи членот 30, каде што вака како што е срочен, навистина огромна дилема мене ми создава, а секако и на сите правници. Во остварувањето на функцијата за гонење на сторителите на кривични дела, Јавнио тобвинител да ги има сите овластувања на Министерството за внатрешни работи. Ова вака не може, затоа што не можат два органа да имаат, односно да им се поклопуваат надлежностите. Тогаш, Министерството за внатрешни работи ќе биде под дирекна контрола на Јавниото обвинителство. Ние мора да имаме строго дефинирани надлежности, за да не ни се поклопуваат надлежностите на органите, за да не се случи судир на надлежности, па потоа да имаме ушт епо млитави понезаинтересирани органи и затоа мора строго да се дефинира кој за што е одговорен и кој за што е надлежен.

Околу водењето на истражната постапка и наредбата за приведба на посебни истражни мерки, јас мислам дека сега не е време да дискутираме, затоа што тоа ќе го правиме со измените на Законот за кривична постапка и тогаш ќе ги кажеме нашите ставови за каков концепт сме во овој дел.

Сега за ова најважно според мене, не дека овие не се важни забелешки, но она што е најважно од што зависи начинот на работење на Јавниот обвинител или поврзаноста на Јавниот обвинител со власта, или со партиите кои што се на власт. Тоа е делот кој се однесува на именување и избор на јавни обвинители.

Вие знаете дека во претходниот состав стратегијата за реформи во правосудниот систем опфаќаше и реформи во Јавното обвинителство. Заради реформи во Јавното обвинителство, се донесе и уставниот амандман 30 и според него, сметавме дека сите јавни обвинители треба да останат, односно изборот и именувањето на сите јавни обвинители треба да биде во надлежност на Советот на јавни обвинители, кое што ќе го конституираме сега на поинаков начин, со Законот кој што и сега егзистира но со поинаква структура и дека останува само Јавниот обвинител на Република Македонија да го избира Собранието на Република Македонија, но по претходно мислење, на предлог на Владата, но по претходно мислење од Советот на јавни обвинители. Овој уставен амандман го направивме така и го прогласивме , заради тоа да обезбедиме Јавниот обвинител на Република Македонија да не биде многу под влијание на извршната власт, секако и на законодавната. И сега какво решение ни се нуди? Ни се нуди решение во членот 41, Јавниот обвинител да го избира Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, но може да биде избран и со негативно мислење на Советот на јавни обвинители, кои што е највисок орган за Јавното обвинителство.

Сега се поставува прашањето дали со негативно мислење од браншата, од луѓето кои што ќе ги води Јавниот обвинител треба да биде избран Јавен обвинител, со наведување на причини за неприфаќањето на негативното мислење од страна на Владата.

Јас мислам дека не сме ја постигнале целта со вакво решение, заради кои што пристапивте кон Уставни измени. Мора во законот да се вгради механизам со кој што ќе се обезбеди почитување на мислењето на Советот на јавни обвинители, затоа што јас да бидам избрана за јавен обвинител на Република Македонија со негативно мислење на луѓето кои што треба да ги водам, мислам дека ќе немам легитимитет. Тоа ќе биде предлог на Владата.

Се обидов да направам и една симулација како би изгледало јавниот обвинител на Република Македонија по ова решение кое што ни е предложено. Јавниот обвинител на Република Македонија го предлага Владата. Тој е човек по мерка на Владата. Не го почитува Владата мислењето на Советот на јавни обвинители, значи, може и со негативно мислење, го прескокнува Советот на јавни обвинители, доаѓа предлогот во Собрание и Јавниот обвинител се избира со просто мнозинство, а мнозинството е владино, секогаш владино мнозинство. Сега, каков Јавен обвинител имаме? Независен? Не, по желба на Владата, по желба на владеачкото мнозинство. А не ни беше целта заради кое што пристапивме кон уставните измени. Затоа, значи околу оваа работа предлагам прво решение да се вгради механизам со кој ќе се почитува мислењето на Советот на јавни обвинители и барем Јавниот обвинител на Република Македонија да се избира со двотретинско мнозинство. Впрочем, таков би бил и предлогот ваш на ВМРО-ДПМНЕ во дебатата во уставните амандмани кои што се однесуваат на Јавниот обвинител. Тогаш и вие сте барале да се избира Јавн обвинител со двотретинско мнозинство. Само тоа се механизмите со кои можеме да се одбраниме дека Јавниот обвинител не ни е да не кажам, партиски човек, туку не ни е Јавниот обвинител по желба на партијата или коалицијата која што е на власт и дека и понатаму нема да се занимаваме со селективен прогон на криминалот и корупцијата.

Другата посериозна забелешка е околу разрешувањето, главата која се однесува на разрешувањето на Јавниот обвинител на Република Македонија. Значи, добро е прво што се разграничени условите за престанување на функцијата на Јавниот обвинител и за разрешување.

Околу делот кој што се однесува на престанување на јавнообвинителската функција, мислам дека основот за престанок со навршени 65 години старост е надвор од системот на пензиското осигурување кај нас и мислам дека ова ќе падне на Уставен суд, како што паднаа и закони кои се однесуваа тука и за нас. Мислам дека треба ова малку да се промени и да се позанимавате, иако знам дека е барање на јавните обвинители. Она што мене особено ме заинтригира е постапката за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија, поради незадоволителни резултати во вршењето на функцијата. Основот, незадоволителни резултати во вршењето на функцијата треба да отпадне. Зошто? Затоа што секоја нова власт ќе може по овој основ да го разреши и најдобриот Јавн обвинител на Република Македонија имајки ги предвид решенијата кои се однесуваат на изборот на Јавниот обвинител, каде што многу лесно без пречка може да се избере нов Јавниот обвинител, ќе го разрешува стариот и секоја Влада ќе си носи нов Јавнен обвинител. Верувајте, ништо позитивно не сме постигнале. Џабе сме донеле устани амандмани кои што се однесувале на Јавното обвинителство, џабе ќе носиме нов закон за Јавно обвинителство. Затоа што Јавниот обвинител е прв на хиерархијата, тој може да дава и напатствија, тој може да одзема и предмети. Значи, колку и да ги оделуваме од власта останатите јавни обвинители ако е првиот на пирамидата зависен, кој што команда, ние нема да ја постигнеме целта заради која што ја правиме целата оваа работа. И замислете, за утврдување на одговорност за незадоволителни резултати во вршење на функција, постапката ќе ај спроведува Владина комисија. Полесно, здравје да смените Јавн обвинител. Значи Владина комисија незадоволителни резултати можат да бидат секакви и најзадоволителни и кажете дали ние ќе излеземе од овој лавиринт во кој сме ставени и до сега без разлика дали сте биле вие или ние на власт, ког акој како дојде менува Јавн обвинител, а сите сме гласни дека сакаме беспоштедна борба против криминалот и корупцијата. Дајте да излеземе сите од своите ровови и да кажеме каква треба да биде постапката и да му гарантираме на тој што ќе го избереме навистина, прво сигурност, а потоа механизам да ја работи оваа навистина тешка работа во Република Македонија. Значи, остро се спротивставуваме оваа постапка да ја води комисија која што ќе ја формира Владата, затоа што таа комисија секогаш ќе оцени дека Јавниот обвинител кој што не и одговара на таа гарнитура, покажал незадоволителни резултати, затоа што секогаш може да се направи подобро.

Околу дисциплинската постапка, мислам можеби дека треба да се постави организационата поставеност и новото Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал, нема ниту една одредба која што би се однесувала дисциплинската постапка на ова Јавно обвинителство. И секако, тука немаме рокови на постапување по постапката. Рокови, за преземање на заштитини механизми, на жалби и така натаму.

И на крајот, почитувани колеги, во преодната и завршна одредба, во членот 94 се остава можност обвинителите, односно замениците јавни обвинители, а сега по новиот закон ќе бидат сите обвинители, кои што се избрани по

еден закон што бил донесен во 2004 година, треба да одат сите на генерален реизбор по истекот на мандатот. Само остануваат оние обвинители кои што се избрани по новиот Закон од 2004 година, каде што тогаш утврдивме траен мандат.

Ова навидум е многу лесна одредба и правниците ќе кажеме, добро, така е. Но верувајте, почитувани колеги, ако останат вакви решенијата на кои што претходно реагирав и ако остане онаа структура на Советот на јавни обвинители, за кои што подоцна ќе зборуваме, ако се има предвид дека над 80% замениците јавни обвинители треба да се избрани со ограничен мандат по новиот закон, значи дека, не само Јавниот обвинител на Република Македонија, ако останат овие решенија за избори и именување, туку и 80% од јавни обвинители ќе бидат реизбрани по волја на оној кој се знае чие мислење ќе преовладува во Советот на јавни обвинители.

Затоа, да немаме дилеми, направете го Предлогот на законот, на сите заменици сегашни јавни обвинители мандатот нека им биде траен, нека станат сите јавни обвинители, а потоа имаме механизми предвидени овде во овој закон, доколку некој не покажува резултати или нестручно и несовесно ја врши својата работа, да може да биде разрешуван од Советот на јавни обвинители.

Ова беа моите забелешки. Сето ова е во знак на подобрување на текстот на законот. Очекувам дека сериозно ќе бидат земени предвид, затоа што како велат Србите “ничије није горело до зоре”, значи се завршува, дајте да направиме јавно обвинителство по мерка не на владите, по мерка не на владеачките гарнитури, дајте да напрвиме Јавно обвинителство по мерка на граѓаните на Република Македонија, дајте да им дадеме механизам, прво слобода и независност во обавувањето на нивната функција и дајте да им дадеме механизми да се борат навистина против криминалот, а не кој како ќе дојде да врши притисок врз нив и практично и најдобрите кадри да се обескуражуваат во вршењето на оваа функција. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Иванова.

За реплика се јави пратеникот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Навистина очекував од госпоѓата како правник да изнесе суштински забелешки во однос на текстот на предложениот закон за јавни обвинители, но тоа не го слушнав бидејќи оваа дискусија повеќе ми изгледаше како детектирање или повеќе ги детектираше колатералните, според неа, штети, а јас мислам дека овој закон носи мултилатерални добивки. Во што е мојата поента?

На крајот рековте дека треба да се донесе закон по мерка на граѓаните, и овој закон за јавни обвинители е по мерка на граѓаните, но само не е по мерка на СДСМ. Зошто е тоа така? Самата го пофаливте Одделението кое беше избрано 2004 година, токму во тоа време кога почнаа најголемите афери во Македонија да се развиваат. Тоа го знаете, како Бачило 1, Бачило 2, и други многу големи афери кои допрва ќе избиваат.

Што се однесува до хиерархијата и субординацијата што ја спомнавте тука, дека некој ќе има помалку, некој ќе биде сменет - не, многу јасно е сега. Се отстапува од досегашната пракса кога Јавниот обвинител имаше многу млитава функција, кој имаше само право да предложи на истражниот судија за одредени дејствија тој да ги превземе и тој правеше криминал. Сега тој има контрола врз судијата, врз полицијата, врз самиот себе и врз самите колеги околу него, поради тоа што секое утро тој ќе реферира на неговиот претпоставен, а на него ќе му реферираат неговите потчинети, што значи конкретно судијата дава наредба за одредено дејствие да направи, нема државни органи кои ќе го спроведат тоа, но во овој закон му се дава право на обвинителот од секој државен орган да бара помош и со наредба да ги тера да работат на одреден случај. Имаме случаи кои се затворени во фиока со години, тие хиерархиски односи ги искажа самиот Обвинител на Македонија, претходниот, кој отиде и рече: Јас бев последниот будала во Македонија. Така рече. Децидно така рече. Многу лоши зборови, кажа многу суштински што се правеа со тој систем на обвинители во Македонија. Мене ми е жал, но Јавниот обвинител даваше предлог и ја овластуваше полицијата да направи увид на лице место, а работата ја оставаше на локалните шерифи кои работеа по нивна мерка. Тоа не беше добро. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рамадани.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам колега што ми реплициравте и навистина со вашата реплика ја откривте вашата цел.

Прво, не очекувам да ме разберете затоа што, не знам што сте по професија, но не сте правник. Знам дека колегите правници ќе ме разберат.

Второ, убаво сте сватиле, вие сакате Јавниот обвинител да има влијание врз судијата, врз полицијата, а врз Јавниот обвинител да има влијание Владата. Не може така да биде. Судството е независно и не може Јавниот обвинител - еве една колешка правник која е од вашата коалиција мрда со главата во знак на одобрување на мојот одговор - не може Јавниот обвинител да има влијание врз судијата. Судијата е независен во својата работа. Не може Јавниот обвинител да има влијание врз полицијата, и не треба, и треба да обезбедиме Владата пак да нема влијание врз Јавниот обвинител. Сите овие се органи поставени со Устав и тие треба да си ја вршат работата согласно Уставот и законите, а не некој да биде

над некого, затоа што овде има институции и систем на институции кој треба да функционира.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Иванова.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван потпретседателе, господине министер, господа пратеници,

Не можам а да не го забележам начинот на кој што министерот за правда денес го започна своето обраќање, користејќи популизам, а не тоа што е улога на еден министер. Министерот започна или на почетокот својот говор го започна со познатото “нападот е најдобра одбрана”, но тоа е затоа што министерот нема одговор на многу други важни прашања кои се поврзани со концептот и со Законот за Јавното обвинителство. Тоа впрочем е и начинот на оваа Влада, користејќи го популизмот, да се користат методи на омаловажување на претходниците без да се даде одговор што е тоа што конкретно се работи. Министерот постапи така затоа што сакаше да го избегне одговорот што работеше Владата и Министерството за правда во изминатите осум месеци во однос на Законот за Јавното обвинителство и Законот за Совет на јавни обвинители. Значи за осум месеци овој Закон, дури сега после осум месеци, и Законот за Совет за јавни обвинители ги гледаме во прва фаза.

Дали сега на овој начин на обраќање јас требаше да продолжам со истиот начин, да кажам што работеше претходната Влада, дека за девет месецил успеа да изготви уставни амандмани од прва до трета фаза, значи прва фаза, втора фаза и трета фаза со 2/3 мнозинство во првата и во третата фаза и редица други закони. Значи од моментот на усвојување на амандманите во декември месец 2005 година, во почетокот на 2006 година заклучно со 12 јули 2006 година кога со закони од сферата на правосудството се затвори работата на претходниот Парламент. И да набројуваме што се се направи пред роковите? Значи тоа требаше да направам.

Меѓутоа, не сме овде за да кажуваме, и секоја Влада ја има улогата да каже што прави, а не што не направил претходникот.

Почитуван министер, вие не треба да се однесувате нихилистички кон тоа што го постигнала нашата држава, вашата држава, кон тоа што е вградено и е признаено како факт и во меѓународни документи, бидејќи тој нихилистички начин покажува дека ја омаловажувате сопствената држава и постигнувањата во сопствената држава. Значи треба еднаш да со соочите со фактот дека после 5 јули вие ја имате одговорноста за тоа што се случува во Република Македонија, сето тоа што се работи и во Владата и тоа што во Парламентот се носи. Вие бегате од фактите, реков ја користите таа реторика: не е претходно направено, а вие не правите ништо. Навистина, не можам да сфатам како може некој што не прави ништо и стои во место постојано да кажува дека претходните не направиле ништо, а тоа веќе е споменато и признено во меѓународни документи. Можам само да кажам дека е навистина среќа за Република Македонија што ги затекнавте реформите во судството во завршна фаза кога најзначајните работи беа направени и вам ви остана донесување на два закона, Законот за Јавно обвинителство и Законот за Совет на јавни обвинители. Се прашувам и не знам што ќе се случеше ако агендата беше таква како во претходниот период, па почнувајќи од септември и наредните месеци секој месец во агендата да беа предвидени два закона, сега за осум месеци наместо за два да се работеше за 16 закони. Не знам, имавме среќа што сето тоа што беше битно беше наведено во нашата агенда за претходниот период и успеавме да го исполниме.

Владата едноставно нема концепт за тоа што треба да се случува и да се прави со Јавното обвинителство и со овие закони. Да имаше концепт верувам дека овие законски текстови порано ќе дојдеа овде во процедура и ќе можевме да ги разгледуваме. Но зошто Владата нема концепт? Затоа што од почетокот се надмидруваше сама со себе, па и со експертите и со претставници од меѓународните фактори дали јавен обвинител треба да биде странец. Значи на едно основно прашање, некој што сериозно претендира да ја земе власта, треба да има став уште во предизборната кампања, но се покажа дека Владата во однос на најзначајното прашање има погрешен став и тоа значеше стоење во место подолг врменски период додека самата Влада не се убеди, но под влијание и на опозицијата и на стручната јавност дека тоа е навистина погрешна работа. Но тогаш министерот за правда мудро молчеше несакајќи да го истакне својот став, нормално за да не се конфронтира со премиерот но тоа е негово лично право, во тоа нема да навлегувам, но ова прашање навистина ја чинеше Република Македонија многу. Желбата да се постигне и популизмот, да се освои парламентарното мнозинство кое не е неосвоиво туку апсолутно освоиво бидејќи гласа според задаа, но и да се ужива јавното мислење, Владата сакајќи да ги задоволи сите овие точки од кои што е набљудувана стоеше во место, не знаеше каде да тргне. Значи, барањето вина во некој друг треба да се бара најнапред во себе, еднаш треба Владата да си ја земе одговорноста и да не слушаме секојдневно по медиуми што не е направено. Тој што не направил или направил нешто, сега е во сосема друга улога. Треба Владата да покаже што работи, тоа е основното прашање.

Почитувани колеги, јакнењето на европските вредности ќе се согласиме дека има свое поле на работа во сферата на правдата и на правосудните институции во целина. Како комплексен процес реформата во правосудниот систем во Република Македонија, на што интензивно работевме во изминатите години

беше предвидено да овозможи надминување на неповолните состојби и констатираните слабости, но истовремено и да овозможи развој на правосудниот систем, да се вградат новите основи кои ќе значат вградување на релевантните документи, препораки, директиви и сл. во нашите закони, како процес кој е континуиран, кој значи прилагодување со овие стандарди до моментот кога одредени законски прописи се носат. Ралното остварување на реформата беше одбележано со еден значаен процес на измена на Уставот на Република Македонија кој ја одбележа 2005 година, но процесот воден под мотото “да градиме заедно независно и ефикасно судство” значеше измена и на многу други закони во материјалната и процесната сфера, што секако е поврзано и со процесот на јакнење на капацитетите на институциите, јакнење на нивната професионалност, независност, стручност и посветеност. Тука посебна улога имаат судството и јавното обвинителство, на што се посвети огромно внимание уште во моментот кога се изготвуваа уставните амандмани.

Морам да споменам бидејќи во изминатиот период често се зборува за тоа, гледам дури и во стручната јавност, за некои дилеми кои што се создаваат па затоа и ќе споменам. Точно е дека во уставните амандмани, што се понатаму основа за изготвување на законите, судството и јавното обвинителство се третираат на различен начин. Поопширни се амандманите и одредбите за судството, а во скратена верзија оние за јавното обвинителство и пратениците од претходниот состав се сеќаваат дека тоа не беше така во претходните фази кога како резултат на тоа што сме го имале во претходниот период имаше одреден паралелизам на одредбите за судството и јавното обвинителство, но на крајот соочувајќи се со фактот дека тоа не е европски стандард, дека улогата на судството и обвинителството е различна како резултат на мислењата на меѓународните експерти и Венецијанската комисија, на крајот решенијата во Уставот се дека одредбите за јавното обвинителство не можат да бидат вгадени наи ст начин и пропишани онака како што се за судството. Затоа законодавецот има поголемо поле на работа со законот кој што се однесува на јавното обвинителство, бидејќи многу работи кои за судството се пропшани во Уставот, а ги нема во одредбите за Јавното обвинителство, сега треба да бидат дел од законските одредби.

Почитувани колеги, суштината на овој закон за Јавно обвинителство кој е во прва фаза, значи сега ја утврдуваме само потребат за донесување на закон за Јавно обвинителство е навистина да се овозможи функционирање на Јавното обвинителство независно. Но сите веројатно под овој термин “независно” разбираме различни работи, затоа што морам да потсетам дека барем со колегите сега што се позиција, а што беа претходно опозиција имавме различни ставови, односно тие имаа различни ставови во зависност од позицијата што ја имаа во моментот. Не можам а да не забележам дека во моментот кога се изготвуваа уставните измени и кога предлог во однос на изборот на Јавен обвинител на Република Македонија беше јавниот обвинител да биде избиран во Собранието по мислење на Советот на јавни обвинители, тогашната опозиција обвинуваше дека тоа не е независна позиција на Јавниот обвинител, дека штом се бира во Парламентот ќе биде зависен од Парламентот, од законодавниот дом, па од извршниот дом бидејќи е на предлог на Владата и тогаш најдовме заедничко решение, значи тука беше крајот со уставните измени кои пратениците од ВМРО-ДПМНЕ само да споменам не ги поддржаа, но имаше 2/3 мнозинство за да се усвојат амандманите, но сега кога позицијата е сосема поинаква се оправдува од страна на позицијата ставот “да,добро е што ќе се бира во Парламентот” или пак се оправдуваат со тоа дека е уставно решение, факт е дека е уставно решение и треба да се прифати, но колегите не заборааат да дополнат или да кажат дека има држави каде што јавниот обвинител се избира од страна на министерот за правда, се избира од страна на владата, што мене навистина, дури и начинот на кој се презентираат ваквите ставови апсолутно ме доведува во дилема да помислам што ќе беше ако ова мнозинство требаше да ги усвојува амандманите и дали тогаш ќе се соочевме со факт директно министерот за правда или владата да го именува јавниот обвинител, што сметам дека не е состојба која што на Република Македонија и одговара. Добро е што претходниот парламентарен состав ги донесе уставните амандмани, за да може да се надеваме дека нешто може да се подобри со законските одредби. Но да споменам, не е се во законите, туку има многу прашања што се поврзани со примената на законите и тоа е нешто што сметам дека може да се забележи, може да го забележи пред се стручната јавност, може да го забележат оние што работат во судството, во обвинителството, а верувам и граѓаните, посебно кога станува збор за Јавното обвинителство, бидејќи во моментот имаме иста законска легислатива која важи и во моментот, која важеше и до 5 јули, но имаме сосема поинаква поставеност и на Јавното обвинителство спрема власта дефакто, а не дејуре, па можам да кажам дека за некои прашања едноставно кажано ги жалам тие што работат во обвинителството, заради тоа што наместо да се залагаат да јакне нивната стручност и професионалност во работата, постојано се под страв дека било каква нинва одлука или работа, позитивна или негативна во однос на некој предмет, може да ги соочи со една друга реалност која ќе значи постапки за разрешување и сл. Сакам да потсетам дека не треба законите да се користат за сеење страв кај луѓето што ги применуваат, туку секој да си ја има својата улога и да ја реализира така како што предвидуваат законите.

Во однос на самиот текст на законот, можам да спомнам дека има прашања што се помалку или полошо регулирани, но има прашања што воопшто не се регулирани и тоа е тоа што сметам дека може во примената на законот понатаму да предизвика проблем.

Почитувани колеги, не може да се менува Законот за јавно обвинителство или да се носи закон за јавно обвинителство, што сега, според уставните измени со носи со двотретинско мнозинство, што не беше претходно така и со тој ист закон без разработување на соодветен концепт, само да се претпоставуваат можни измени во Законот за процесна постапка, за кривично процесно право, што е закон што се носи со двотретинско мнозинство. Значи, е со многу поголема тежина во однос на овој закон, а таму се знае, се регулираат сите прашања што се однесуваат на кривичното процесно право.

Тоа што денеска очекував овде од министерот да ни каже кој е концептот, што ќе следи во Законот за кривична посатапка, иако сметам дека, ако се прават вакви суштински измени во процесното право, во кривичната сфера, тоа треба да се прави паралелно со Законот за кривична постапка и со Законот за јавно обвинителство. Сето друго може да значи неконзистентност, неповрзаност на законите и во пракса да предизвика проблеми.

Министерот требаше да ни одговори дали во Република Македонија, во кривичното процесно право ќе продолжи постојниот концепт или пак ќе се даде примат на акузаторната постапка, на тужителската постапка, да ни ги каже дилемите во однос на овие прашања, за да може потоа да бара поддршка за овој закон од нас.

Во неможност да слушнеме вакви аргументи, ние сами мора да ја проучуваме и праксата во другите земји, но и теоријата за да дојдеме до издржани решенија што во пракса ќе овозможат примена на закон во функција на граѓаните и на оние на кого се однесуваат постапките.

Јас затоа морам да ги спомнам оние дилеми што постојат, дилемите што се јавуваат и кај експертската јавност во однос на видовите постапки што компаративно постојат во земјата. Значи сенаметнува дилемата дали да се задржи постијниот судски модел на истрагата присутен во законодавствата на повеќе европски држави, посебно во новосоздздените држави од подрачјата на поранешна Југославија, а со тоа значи и во нашата држава или да се прифати новиот тужителски модел на истрага што би бил во надлежност на јавниот обвнител и полицијата и што е карактеристичен за акузаторната постапка од англосаксонски тип позната во Велика Британија и САД.

Расправата за ова важно прашање не треба да се сведе на ниво на желби, на импресии и моден тренд, што е најлошото, туку дасеподигне не ниво на аргументи кои одат во прилог на судскиот или тужителскиот тип на истрага,односно да се изнесат добрите и лошите страни, значи недостатоците на едниот или другиот модел. Се чини дека во овој момент во практиката иво стручната јавност во некои држави во Европа, како и кај нашите соседи преовладуваат ставовите за предностите на тужителската истрага и портебите таа да се воведе во кривичната постапка и со тоа да се замени постојната судска истрага.

Во прилог на сфаќањата дека укинувањето на судската истрага е светски тренд се наведува и аргументот дека овој модел на истрага го напуштаат дури и земјите кои се сметаат за колевка на истражниот цудија и на судскиот систем на истрагата како што е на пример Франција. Имено, се воведува систем во кој се намалуваат обаластувањата на истражниот судија со воведување посебен судија кој одлучува за ограничувањето на човековите права,како што е мерката за обезбедување присуство на обвинетиот на претресот, мерката притвор.

Меѓутоам, со тоа не се нарушува судскиот концепт на истрагата, туку напротив се зајакнува. Се зголемува нејзината објективност, бидејќи повторно се работи за судија, не за јавен обвинител или за полиција, и битно е единствено дека за прашањето за постоење на кривично дело одлучува единствено истражниот судија. Според некои теоретичари, со воведувањето на овој посебен судија не ослабнува судската истрага, туку напротив се зголемува нејзината објективност.

Од гледна точка на меѓународните обврски треба да се констатира дека не постои ниту еден, ниту еден меѓународен документ кој би обврзувал некоја земја, значи нашата, па според тоа нашата да воведе одреден тип на истрага во своето законодавство. Таа обврска не е предвидена ниту во Европската конвенција за човекови права, ниту Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, ниту во еден друг меѓународен документ.

Сега се соочуваме со недостатоците на едниот и на другиот систем. Како најважен аргумент што се истакнува и во стручната и во пошироката јавност против постојниот модел на истрагата е дека судската истрага е спора и неефикасна и дека заради тоа треба да се замени со тужителскиот модел на истрагата, што е побрз и поефикасен.

Во прашање е силен аргумент бидејки се работи за безина на постапката што самиот по себе би бил доволен за промена на моделот на истрагата, доколку би бил потврден со соодветно истражување. Меѓутоа, воглавном ова се сведува на констатацијата дека ефикасноста на истрагата не е несаканото ниво, меѓутоа нема научна потврда за спороста на истрагата. На стручните советувања што се одржуваат на кои за ова прашање навистина се дискутира, не се споменува дека истрагата долго трае заради проблеми во концепт, туку воглавном се оценува дека главната причина за евентуалната неефикасност на истрагата е субјективниот

фактор, ангажираноста на истражниот судија, јавниот обвнител, бранителот, а не истрагата како концепт. Никој не спомнал дека на ефикасноста на постапката влијае концепцијата на истрагата и никаде не се споменува дека причина за неефикасност е самата истрага.

Ние мора да одговориме на овие прашања и не случајно ги споменувам за да знаеме по кој правец понатаму треба да се гради нашето право. А не да се водиме од некаков популизам што на крајот ќе го почуствуваат граѓаните.

Во некои ретки стручни истражувања спроведени на просторите од нашите соседи никаде не се тврди дека истрагата е спора, туку напротив, во исклучителните случаи кога истрагата траела подолго, утврдено е дека е тоа поради објективни околности. Тие објективни околности најчесто се сведуваат на неприсуство на јавниот обвинител на истражните дејствија,одолговлекување на постапката од страна на бранителот, кога обвинетиот не е притвор, често во стопанските предмети, стопански криминал, должината на вештачењето поради самиот тип на криминал за кој се работи.

Од ова произлегува дека тврдењето за спороста на истрагата се сведува на импресија, што навистина ниту е докажан, ниту е проверен впечаток, што е последица на психолошка заблуда како што вели еден автор кој се занимава со оваа проблематика.

Сега да се навратам на брзината на тужителската исрага. Тоа што со овој закон се прави обид да се претпостави како настан што ќе следи со Законот за кривично процесно право. На многу теоретски расправи по однос на ова прашање се истакнува дека поради непостоење на емпириски податоци, што е многу важно, се утврдува дека судската истрага е спора, но не може со сигурност да се утврди дека тужителската истрага е брза. Туку ова се сведува на несигурни импресии. Тоа што јас ќе го наречам популизам.

Како типичен пример за ваквиот заклучок е Германија која има спроведено реформа во кривичното право, во кривичното процесно законодавство Во 1974 година со следната содржина: “Како најзначајна новина е укинувањето на судската истрага и нејзиното иземање од надлежност на истражен судија со цел да се забрза кривичната постапка. Истрагата поминува во надлежност на јавниот обвинител со кумулација на две функции: и големи и истражувања”.

Јавниот обвинител може, преземањето на сите истражни дејствија да го препушти на полицијата, што во практика често се случува за средниот или за ситниот криминал, а единствено за тешки кривични дела ја задржува раководната функција во подготвителната постапка.

Можеби на колегите не им е интересна оваа материја, но верувајте, на тие кои се занимаваат со овие прашања им е многу важно, па затоа јас ќе продолжам со изнесување на видувањата во однос на ова.

Тешко е да се одговори дали укинувањето на судската истрага, за што се сметало дека ја оддолговлекува постапката, довело до забрзување на истата, бидејќи за ова недостигаат емпириски истражувања. Но, се истакнуваат исто така, недостатоци на тужителската истрага, што сметам дека е многу важно, од аспект на почитување на човековите права. Не само од аспект на правдината.

Нарушување на објективноста на државниот обвинител, поради кумулација на две функции во иста личност. И гонење и истражување. Нарушување на принципот на контрадикторност, еднаквост на странките. Да не заборавиме дека ова се едни од основните начела во нашето кривично процесно право, бидејќи јавниот обвинител е странка во постапката. Судот е тој кој треба да биде независен и да носи одлука.

Значи, се јавуваат многу дилеми. Тие понатаму продолжуваат околу улогата на Јавниот обвинител во постапката при сослушувањето на сведоците, при испитувањето на обвинетиот од страна на полицијата, па можноста или неможноста во оваа постапка да биде присутен самиот обвинет кога се сослушуваат сведоци или неговите бранители, па прашањето за заштита на човековите права кога јавниот обвинител оваа функција ќе ја препушти на полицијата, а полицијата нема да го повика или ќе заборави да го повика обвинетиот кога се сослушуваат сведоци итн., и тие кои ја работат оваа материја можат да претпостават што ќе се случува, кога не е однапред изграден целосно концептот врз основа на емпириски истражувања, кога немаме состојба во Јавното обвинителство што гарантира дека Јавното обвинителство ќе може да ја спроведува контролната функција на соодветен начин спрема полицијата, може да се претвориме од земја каде што навистина Јавното обвинителство има независна позиција во постојниот закон, барајќи да ја зголемиме нејзината независност, тој да биде уште позависен од извршната власт и неговата работа да се сведе на работа на полицијата, во најголем број на случаеви, кога ќе ја натовари работата на полицијата, со комплетното истражување и преземање на сите дејствија за кои, еве, како што покажуваат истражувањата во други земји, најчесто ја доверува на полицијата, да се доведеме во ситуација предностите на судската истрага, кога судија како независен суд одлучува за постапката, да бидат префрлени од судската во извршната власт во рацете на полицијата.

Има многу други забелешки за и против едниот или другиот модел. Тоа што за некои е предност, може за другите да биде недостаток. Но, тоа е она што требаше Владата да го работи изминатиот период. Да отвори кампања, да прави јавни дебати, за да дискутираме за овие научни согледувања, за овие искуства и да прибира емпириски истражувања, а не да се занимава со

тоа дали јавниот обвианител треба или не треба да биде странец.

Тоа, според мене, прво е непочитување на сопствените граѓани, непочитување на сопствената држава, бидејќи од тој број на жители кои сме, никој не ја заслужува довербата на оваа власт. За жал, тоа прашање сега е надминато, но како резултат на долгата дебата по овие прашања, сега немаме одговор на клучните прашања врз основа на кои треба да ги градиме нашите ставови.

Јас верувам дека, според она што сега го имаме како Предлог за донесување на закон за Јавно обвинителство, само се претпоставуваат одредени дилеми и прашања што понатаму треба да следат по Законот за кривична постапка и дури тогаш ќе се соочиме со она за што јас денеска се обидов, барем да ги кажам начелните работи. А, секако, на одреден начин, ако е тоа возможно да ја поттикнам Владата дека треба да прибира подататоци во оваа сфера што ќе ни користат.

Во моментот, во Јавното обвинителство има 193, барем така е дадена бројката 193 обвинители на Јавниот обвинител на Република Македонија. Бројот на предметите нема да го кажам, бидејќи тие податоци се за еден период што е претходен. Верувам дека во меѓувреме се зголемени. Дали тие 193 обвинители може да ја вршат таа улога што сега треба да им се препушти ним. А потоа, кога ќе зборувам по текстот на законот, ќе кажам дали се согласувам или не со одредени решенија што овој закон им ги овозможува. Посебно, затоа што реков дека овој закон се менува пред да се донесе најважниот закон, а тоа е Законот за кривична постапка.

Сметам дека тоа не е доволен капацитет во Јавното обвинителство и дека, ако е таа интенцијата на предлагачот, треба да настојува прво да го јакне капацитетот во Јавното обвинителство, за да може да имаме јавни обвинители кои навистина ќе ја вршат својата работа како независни обвинители, а не да имаме Јавно обвинителство што ќе биде зависник од полицијата, од извршната власт. Е тогаш, почитувани колеги, нема да одиме напред во реформите туку за жал ќе се враќаме назад. За тоа е одговорна Владата, а јас се надевам, барем сакам да се надевам дека во наредната фаза, која ќе помине, а ќе помине затоа што сметам дека е неспорно, дека треба да го поддржиме овој закон, бидејќи со нетрпение го очекувавме месеци наназад и сме за утврдување потреба за донесување закон, тогаш Владата ќе треба да одговори на сите овие прашања, прво за концептот. Кој е тој концепт, па да ни каже податоци зошто одреден концепт се прифаќа, зошто не се прифаќа. Мене ми е јасно дека ние не м ожеме во еден момент да констатираме дека ги имаме целосно сите капацитети, целата инфраструктура онака како што треба да заживее еден законски модел, но треба барем голем дел од тие обврски да се исполнат за да можеме да кажеме дека во пракса тој закон ќе функционира онака како што треба. Во спротивност ќе биде волонтаризам, како што спомнав, зависност на обвинителството од извршната власт.

Зошто се сомневам? Навистина имам причини да се сомневам иако не сакам да се мешам во работата на обвинителството. Не треба никој од нас да се меша во работата на обвинителството, но не сум сигурна дали Владата се однесува на тој начин. Еве, поминаа неколку месеци од изборот на јавниот обвинител на Република Македонија. Тој според закон има обврска да ја информира јавноста за важни прашања од неговата работа. Се согласувам дека е негово право на кој начин и кога ќе ја искористи оваа законска обврска. Тука немам забелешка. Но, не можам да се согласам дека за прашања што се поврзани со работата на Јавното обвинителство на Република Македонија, за прашања што се однесуваат на откривање и на гонење, преку медиумите ги слушаме министрите. И тоа не само министерот за внатрешни работи и министерот за правда, на кои најлесно можеме да им простиме, иако не е за простување, туку на многу други министри. Па слушаме за кривична пријава, за барање за спроведување истрага, за истражни дејствија, како зборува министерот за транспорт и врски и многу други министри.

Значи, тие поднесуваат пријави или пак сметаат дека треба да се поднесе барање за спроведување истрага. Навистина го поставувам прашањето кој е тој што ги поднесува овие акти? Кривичната пријава е едно, барањето за спроведување истрага се знае дека може да го поднесе Јавниот обвинител. Значи, не се претставниците на извршната власт, министрите тие што треба да ги користат овие термини. Можеби е добро што сакаат да се информираат во кривичната материја. Меѓутоа, прекршување на нивните овластувања и на етиката во политиката е тие да превземаат надлежности на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Почитувани колеги, овој Закон за Јавно обвинителство навистина е направен така, барем со начинот на хиерархиска поставеност на јавните обвинителства со цел да не инпресионира колку Владата сака да го гони организираниот криминал и корупцијата и колку е настојчива во тоа. Мислам дека меѓу нас пратениците нема разлика во однос на прашањето, дали треба да се води борба против организираниот криминал и корупцијата. И тоа не е став на Владата, Владата не треба да го истакнува својот став, туку треба да овозможи институциите во државата и ако сме правна држава, да работат и да си ги превземаат своите обврски, а исто така и ние како опозиција да не се очекува од нас да велиме, постојано ја поддржуваме Владата. Пратениците најмалку се инволвирани во тоа. Треба Владата да создаде услови во кои институциите во државата, оние што се професионалци си ги вршат своите функции согласно законот за да може да се пофалиме навистина со ефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата која ќе

биде законита и која почитувани колеги, ќе биде непристрасна. Тоа е тоа што треба да го постигне Република Македонија.

Сега во желбата да им прети, овде се наведува хиерархиска поставеност која мислам дека не одговара на потребите на Република Македонија, а тоа е воведувањето на посебно обвинителство за борба против организираниот криминал и корупцијата. Сметам дека не треба да се поигруваме и со уставната одредба за единство во Јавното обвинителство и не треба ние како пратеници да овозможиме, гласајќи во Парламентот за Јавниот обвинител на Република Македонија кој е должен да поднесува извештај за својата работа, да гласаме за англиска кралица, да гласаме за личност која најмалку ќе се занимава со сериозни кривични дела, иако во правото нема сериозни, лесни, тешки итн. Но, тоа е тоа што популистички се користи како терминологија. Значи, да гласаме за личност што ќе се занимава со ситен криминалитет, туку треба да гласаме за личност која ќе биде одговорна за состојбата со криминалитетот во Република Македонија и ќе треба да одговара за гонењето на сторителите на кривични дела. Со ваквата поставеност што е предвидена во овој закон се плашам дека ќе го направиме токму тоа. Заради тоа што е направен прекин во хиерархиската поставеност помеѓу Јавниот обвинител на Република Македонија и Јавното обвинителство што ќе ги гони сторителите, Јавното обвинителство за борба против организираниот криминал и корупцијата.

Посебно тука проблеми во пракса ќе создаде и можноста Јавниот обвинител за борба против организиран криминал и корупција да им дава упатства на основните јавни обвинители. Па сега тие ќе бидат во дилема, дали да работат во однос на секојдневните обврски што ги имаат, во однос на тоа што го добиле како упатство од Јавниот обвинител на Република Македонија, или да работат по упатствата на Јавниот обвинител за борба против организираниот криминал. Владата ни потенцира дека вакви решенија има и во други земји. Јас ќе ви кажам дека има во две земји, во Шпанија и во Романија. Не е моја обврска, не е ни наша обврска да ја видиме уставната можност во Романија, или во Шпанија да воведува вакви посебни јавни обвинителства. Веројатно е можно, па затоа и го направиле така. Но, кај нас не е возможно да постои вакво двојство поради единственоста на Јавното обвинителство, поради хиерархиската поставеност.

Во Италија сосема е нешто друго, Националната дирекција за борбата против мафијата. И затоа сметам дека не е добро да се користи само популизам, без да се проучат до крај одредени решенија, со цел да ни се создаде погрешен впечаток. Добро е што во прилог на законот и во образложението ни се дадени многу податоци, аргументи кои ги истражувавме и ги имавме во времето кога се изготвуваа уставните измени. Тој материјал е добро и вешто искористен и добро е и како резултат на континуитет, тие податоци не се спорни, ниту се на некој сопственост да ги имаме и да ни се дадат во прилог на материјалот, но не со цел да не дезинформира, туку со цел да ни ги отворат видиците, да ни дадат само информации врз основа на кои ние ќе го определиме и ќе го дефинираме нашиот став за одреден закон. Значи, јас сакам да кажам дека не се согласувам со ваквото двојство во функционирањето на Јавното обвинителство и сметам дека тоа во пракса навистина ќе предизвика проблеми. Мојот конкретен предлог, а како резултат и на досегашната работа на Одделението за борба против организиран криминал и корупција кој еве скоро три години, во 2004 година беше донесен Законот, функционира во Јавното обвинителство на Република Македонија е да се направат соодветни измени и на сегашното решение, со цел да се задржи и единствената хиерархиска поставеност, единственоста во функционирањето, но и да се ублажат оние проблеми кои што досега постојат во пракса. И мојот предлог е ваков посебен оддел да биде формиран во рамките на ниво на вишите обвинителства, или во рамките на едно вишо обвинителство за да може да ја покрива територијата на државата, за да се овозможи двостепеност во постапувањето по тоа што претставува одлука на ова одделение за борба против организиран криминал и корупција и таа двостепеност да биде овозможена во Јавното обвинителство на Република Македонија. На овој начин ќе се овозможи функционирање во единственоста на системот, ќе се задржи и хиерархиската поставеност и секако на територијата на целата држава ќе функционира овој орган. Тоа е предлог кој што го истакнувам и верувам дека не само овој предлог, туку и другите предлози што ќе ги истакнам, како и предлозите на останатите колеги ќе наидат на разбирање кај Владата за да може на крајот законот да го донесеме со 2/3 мнозинство.

Јас почитувани колеги, бидејќи гледам дека е 18,00 часот, време кое е истечено, да се консултирам со потпретседателот, бидејќи имам уште за дискусија.

**Бесим Догани:** Ако имате уште прилично, тогаш ќе мора да оставиме за утре, бидејќи веќе е 18,00 часот.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот)